ПРАВЕН ДИЈАЛОГ

јуни 2026 бр. 33



Институт за човекови права

ПРАВЕН ДИЈАЛОГ БР.33

ISSN: 1857-7644

Издавач:
Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

За издавачот:
Маргарита Цаца Николовска

Редакциски одбор:
Манчо Митевски | Главен и одговорен уредник
д-р Весна Стефановска | Заменик на главниот и одговорен уредник
д-р Мерсел Биљали
д-р Славица Димитриевска
д-р Ангелина Станојоска

Лектор:
Татјана Стојановска

Графички дизајн:
Дамјан Канзуров

Контакт:
Институт за човекови права
www.ihr.org.mk
ihr@ihr.org.mk

Контакт адреса:
бул. Партизански одреди бр. 23/1-5
Скопје, 1000, Северна Македонија

Скопје, јуни 2026 година

Написите се авторски трудови и не секогаш ги изразуваат ставовите на Институтот за човекови права. Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде пренесуван, копиран или објавуван без согласност на издавачот.

СОДРЖИНА

ГРАНИЦИТЕ НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ АРБИТРАЖНИ ОДЛУКИ: ПРЕДМЕТОТ NDI SOPOT S.A. ПРОТИВ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Мирјана Ристовска и Елена Грујоска 5

ПРАВОТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА КАКО ЧОВЕКОВО ПРАВО: АНАЛИЗА НИЗ ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
Сара Нешковска 12

ЛЕГАЛИСТИЧКИ АВТОРИТАРИЗАМ, АВТОКРАТСКИ ЛЕГАЛИЗАМ И АВТОРИТАРЕН ПРОЦЕДУРАЛИЗАМ: КРИТИЧКА ДЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ (2026) НИЗ ПРИЗМАТА НА ДЕМОКРАТСКАТА ОТПОРНОСТ
Ана Чупеска 18

ДИСКРЕЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА ЦЕНТРАЛНА БАНКА ВО БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА И ГРАНИЦИТЕ НА СУДСКАТА КОНТРОЛА
Христина Балканов 27

ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КАКО ЧОВЕКОВО ПРАВО
Магдалена Илиевска 33

КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ПРИ АВТОНОМНИ САЈБЕР НАПАДИ: ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОДНОС НА ДОКАЖУВАЊЕ НА ВИНА, АТРИБУЦИЈА И ПРЕДВИДЛИВОСТ
Катерина Панева 38

ПАРИЧНИ КАЗНИ ИЛИ КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА?
Мартин Тасевски 45

ПРИМЕНАТА НА АПЛИКАТИВНИ МЕТОДИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ВИКТИМИЗАЦИЈА КАЈ МЛАДИТЕ - ПРАВЕН, СОЦИЈАЛЕН И ОБРАЗОВЕН ПРИСТАП
Драгана Костевска 52

СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА
Анѓела Цветковска 59

Почитувани,

Во ова јунско издание на стручното списание „Правен дијалог" се застапени трудови од различни теми кои доминираат во општествениот дискурс и за кои е потребно да се посвети поголемо внимание и тие да бидат соодветно анализирани и прикажани.

Од практиката на Европскиот суд за човекови права ќе можете да прочитате и дознаете повеќе за правото на здрава животна средина како човеково право, за признавањето на арбитражните одлуки преку анализа на предметот НДИ СОПОТ против Северна Македонија како и за заштитата на личните податоци во сопствените општествени дигитални текови. Во фокусот на овој број на списанието, после подолго време се и одлуките на Европскиот суд на правдата преку анализа на дискрецијата на Европската централна банка во банкарската супервизија и воспоставените граници на судска контрола преку анализа на одлуките на Судот во предметите Бернис и Малакалца.

Ќе имате можност да прочитате труд која нуди специфична теориско-емпириска деконструкција на предлог-Законот за Советот на јавни обвинители кој неодамна беше усвоен преку критичка анализа на специфични членови и понудени амандмански препораки за ревизија со цел да се зачува обвинителската автономија.

Во овој број застапени се и трудови кои анализираат теми поврзани со кривична одговорност при автономни сајбер напади, парична и кривична одговорност за говор на омраза, примена на методи за превенција од виктимизација кај младите и анализата на законската регулатива која ја засега превенцијата од семејно насилство.

Почитувани читатели и потенцијални автори,

Ве охрабруваме да истражувате и пишувате на различни теми поврзани со заштита на човековите права и владеење на правото. Секоја тема заслужува да добие простор во стручното списание „Правен дијалог" со цел да развиеме дискусија за различни правни прашања, да актуализираме одредени теми, да ја подигнеме свеста за одредени негативни состојби и перцепции кои постојат во нашата држава, но и на европско и светско тло.

Заменик главен и одговорен уредник,
д-р Весна Стефановска

ГРАНИЦИТЕ НА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ ВО ПОСТАПКИТЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ АРБИТРАЖНИ ОДЛУКИ: ПРЕДМЕТОТ NDI SOPOT S.A. ПРОТИВ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Анализата упатува на три меѓусебно поврзани предизвици за македонскиот правен систем: доследна примена на Њујоршката конвенција над националното законодавството, толкување на обврската за обелоденување на конфликт на интереси како безусловна и позитивна должност на секој судија, и обврска за образложение на судските одлуки, кое содржи конкретен одговор на одлучувачките аргументи на странките. Исто така, пресудата не претставува само констатација на повреда, туку и насока за идниот развој на принципот на владеење на правото во РСМ.

МИРЈАНА РИСТОВСКА И ЕЛЕНА ГРУЈОСКА

АПСТРАКТ:

Предмет на овој труд е анализа на пресудата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) во предметот NDI SOPOT S.A. v. North Macedonia во врска со правото на правично судење загарантирано со член 6 став 1 од Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (ЕКЧП). Основната цел на трудот е да ја потенцира меѓусебната корелација на стандардите и процесните гаранции воспоставени со член 6 став 1 од ЕКЧП и постапувањето на националните судови во постапките за признавање странски арбитражни одлуки. Преку примена на методот на нормативна анализа и case law методот, авторите на овој труд ќе се обидат да понудат и конкретни препораки за унапредување на судската практика во постапките за признавање странски арбитражни одлуки и на принципот на владеење на правото, воопшто.

Клучни зборови: признавање, извршување, странска арбитражна одлука, право на правично судење, Њујоршка конвенција, непристрасност, јавен поредок.

ВОВЕД

Предметот NDI SOPOT S.A. v. North Macedonia е првиот случај во кој ЕСЧП бил повикан да го испита почитувањето на гаранциите на член 6 од ЕКЧП во контекст на постапката за признавање на странска арбитражна одлука спроведена од страна на македонските судови.

Имено, македонските судови го одбиле признавањето на арбитражната одлука донесена од Меѓународниот арбитражен суд при Меѓународната трговска комора во Париз (МТК), и како резултат на тоа била поведена постапка пред ЕСЧП каде како круцијални се наметнале две прашања: дали постапката за признавање на странска арбитражна одлука пред македонските судови ги исполнила стандардите за непристрасност определени со член 6 став 1 од ЕКЧП и дали образложението на судовите за одбивање на признавањето ги задоволува стандардите на правично судење. Истовремено, одлуката ја отворила и дилемата дали судовите на Република Северна Македонија ги проширile основите за одбивање на признавање странска арбитражна одлука, кои се таксативно наведени во член V од Конвенцијата за признавање и извршување на странски арбитражни одлуки од 1958 година (Њујоршка конвенција) и кои треба да се толкуваат рестриктивно и во светло на гаранциите од член 6 став 1 од ЕКЧП.

1. КРАТКА АНАЛИЗА НА ПРЕДМЕТОТ

1.1. ПРАВЕН ОСНОВ

Правниот спор на предметот произлегол од договорот за заедничко вложување склучен во 2010 година меѓу NDI SOPOT S.A, приватно акционерско друштво основано според полското право (компанија-апликант) и македонска градежна компанија (компанија-должник), за заедничко учество на јавен тендер за изградба на дел од автопатот А4 во Полска. Врз основа на арбитражната клаузула содржана во договорот, компанијата-апликант во февруари 2012 година поднела барање за арбитража, тврдејќи дека компанијата-должник не ги исполнила преземените обврски за кофинансирање на проектот.

1.2. ПОСТАПКА ЗА ИМЕНУВАЊЕ АРБИТРИ

Компанијата-апликант го номинирала J.M., додека компанијата-должник го номинирала A.X. за арбитри. Во изјавата за прифаќање, достапност, непристрасност и независност од 24 февруари 2012 година, дадена во согласност со член 11 став 2 и став 3 од Правилата на Меѓународната трговска комора во Париз, J.M. изјавил дека е непристрасен и дека не постојат околности што би требало да ги обелодени во таа насока. На 23 март 2012 година, Генералниот секретар на

Меѓународниот арбитражен суд ја доставил оваа изјава до странките, а на 7 мај 2012 година ги потврдил J.M. и A.X. како арбитри. Во мај 2012 година, арбитерот A.X. му открил на Секретаријатот на Меѓународниот арбитражен суд дека во ноември 2010 година бил ангажиран од партнер на правната фирма што ја застапува компанијата-должник, во својство на адвокат, да советува приватна компанија во неповрзани арбитражни постапки и испратил писмо за непристрасност и обелоденување до странките за таа цел. Странките не истакнале никакви приговори во однос на арбитрите. Со оглед на неможноста на странките да постигнат договор за соодветно назначување, во јуни 2012 година Секретаријатот на Меѓународниот арбитражен суд го назначил арбитерот П.Н. за претседател на Трибуналот.

Со поднесок од 29 април 2016 година, компанијата-должник поднела приговор против арбитерот J.M., како и против целиот арбитражен трибунал, повикувајќи се на член 14 од Правилата на МТК. Компанијата-должник тврдела дека J.M. не ја исполнил својата обврска за обелоденување на информации релевантни за клучното прашање во арбитражната постапка. Имено, според наводите, тој подолг период го познавал J.K.J., лице кое ја застапувало компанијата C.K. во преговорите поврзани со договорот склучен меѓу компанијата-апликант и C.K., кое истовремено било член на надзорниот одбор на C.K. и, според уверувањето на компанијата-должник, едно од лицата што ја контролирале компанијата. Во прилог на своите тврдења, компанијата-должник се повикала на информации што, како што навела, „случајно ги пронашла на интернет“, како и на прелиминарен извештај од 28 април 2016 година изготвен од глобалната советодавна компанија Ф., ангажирана од страна на должникот на почетокот на 2016 година за испитување на предметното прашање.

Според извештајот, J.M. и J.K.J. се познавале со децении, при што двајцата биле пратеници и претставници на истата политичка партија-Демократската левичарска алијанса (Sojusz Lewicy Demokratycznej-SLD) во периодот 2001-2004 година, а во 2004 година биле и членови на президиумот на партијата. Според компанијата-должник, овие околности можеле оправдано да предизвикаат сомнеж во независноста и непристрасноста на арбитерот J.M. од перспектива на странките во постапката. Дополнително, компанијата-должник го оспорила и целиот арбитражен трибунал поради наводен пропуст арбитражната постапка да се води ефикасно, ефективно и во разумен рок.

На 26 мај 2016 година, Меѓународниот арбитражен суд при МТК го одбил приговорот на компанијата-должник. Повикувајќи се на член 14 став 3 од Правилата на МТК, Меѓународниот арбитражен суд со писмо од 1 јуни 2016 година ги известил странките, inter alia, дека приговорот против арбитерот J.M. е „недопуштен и, во секој случај, неоснован“. Писмото, меѓутоа, не содржело дополнително образложение во однос на причините за одбивањето на приговорот против арбитерот.

1.3. ДОНЕСУВАЊЕ НА ДЕЛУМНА И КОНЕЧНА АРБИТРАЖНА ОДЛУКА

Меѓународниот арбитражен суд при МТК во Париз на 21 јули 2015 година донел делумна арбитражна одлука, со која делумно биле прифатени барањата на компанијата-апликант, додека на 26 август 2016 година донел конечна арбитражна одлука во врска со прашањето за ДДВ и трошоците на арбитражата.

1.4. ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА ПРИЗНАВАЊЕ И ИЗВРШУВАЊЕ НА ДЕЛУМНАТА АРБИТРАЖНА ОДЛУКА

Компанијата-апликант поднела барање за извршување на делумната одлука во Полска. На 10 декември 2015 година, Регионалниот суд на Гдањск во Полска ја признал одлуката како валидна и извршна.

Компанијата-апликант на 20 април 2016 година иницирала постапка за признавање на делумната арбитражна одлука пред Основен суд - Скопје 2, со крајна цел нејзино извршување на територија на РСМ. Заедно со барањето, биле приложени нотарски заверени копии од делумната

одлука и договорот за заедничко вложување, со апостил печат и овластен судски превод, и копија од одлуката на Регионалниот суд во Гдањск со цел да се потврди валидноста и извршноста на одлуката.

1.5. ДОНЕСЕНО РЕШЕНИЕ СО КОЕ СЕ ОДБИВА БАРАЊЕТО ЗА ПРИЗНАВАЊЕ НА ДЕЛУМНАТА АРБИТРАЖНА ОДЛУКА ОД МАКЕДОНСКИОТ СУД

Основниот суд – Скопје 2 го одбил барањето поради две причини: а) апликантот не доставила доказ за правосилност и извршност на делумната одлука, во согласност со член 101 од ЗМПП,[1] наведувајќи дека пресудата на Регионалниот суд во Гдањск, со која се дозволува извршување на делумната одлука во Полска, не претставува таков доказ; и б) наводна пристрасност на арбитерот J.M., во текот на арбитражната постапка, кој не ја исполнил обврската за обелоденување на врски од член 11 од Правилата на МТК.

Според тоа, Основниот суд утврдил дека ефектот од признавањето на делумната арбитражна одлука би бил во спротивност со јавниот поредок на Република Северна Македонија, повикувајќи се на исклучокот од членот V(2)(б) од Њујоршката конвенција. По поднесената жалба, Апелациониот суд Скопје повторно го одбил признавањето и ги потврдил наодите на првостепениот суд, без дополнително образложение.

1.6. БАРАЊЕ ЗА ПОВТОРУВАЊЕ НА ПОСТАПКАТА

По завршување на постапката, компанијата-апликант дознала дотогаш непознат факт, дека сопругот на судијата J.H., член на советот од тројца судии при Апелациониот суд, бил долгогодишен вработен во компанијата-должник и поседувал акции со значителна вредност. На 12 октомври 2016 година, компанијата-апликант поднела барање за повторување на постапката за признавање, во согласност со член 392 став 1 од Законот за парнична постапка (ЗПП) до Основниот суд Скопје 2, тврдејќи дека судијата J.H. требало да ги открие информациите во врска со нејзиниот сопруг како што е определено со член 64 став 6 од ЗПП, но не го сторила тоа, спротивно на член 65 став 1 од истиот Закон.

Барањето за повторување на постапката било одбиено од Апелациониот суд, кој утврдил дека суштинските критериуми за изземање на судија утврдени во член 64(1-5) од Законот за парнична постапка не биле исполнети и, дека компанијата-апликант не успеала да приложи нови факти и докази за да го оправда барањето за повторување на постапката, туку само ги повторила аргументите што веќе ги истакнала во жалбата. Следствено на тоа, компанијата поднела апликација до ЕСЧП, тврдејќи дека постои повреда на правото на правично судење загарантирано со членот 6 став 1 од ЕКЧП.

2. ПОСТАПКА ПРЕД ЕСЧП И ОЦЕНА НА СУДОТ

Европскиот суд за човекови права утврдил дека членот 6 став 1 од ЕКЧП е применлив во конкретната постапка за признавање на арбитражна одлука, со оглед на тоа што правото на апликантот да ја наплати досудената сума е „граѓанско право" по природа, произлезено од договорен однос меѓу приватни субјекти, а исходот на постапката за признавање е директно одлучувачки за ова право. Применливоста на членот 6 став 1 во постапките за извршување на странски конечни одлуки, за спорови чиј исход е одлучувачки за граѓански права, е веќе утврдена во *Avotiņš v. Latvia*.[2]

Пред да пристапи кон суштинската оцена, ЕСЧП се произнел и по прашањето за допуштеност и исцрпување на домашните правни лекови. Согласно воспоставена пракса на Судот во *Dalia v*

1 Закон за меѓународно приватно право, Службен весник на РМ бр. 87/2007.

2 Avotiņš v Latvia App no 17502/07 (ECtHR 23 May 2016), para 96.

France[3] достапноста на секое правно средство мора да биде доволно загарантирано и во законот и во практиката. Доколку предложеното правно средство не нуди разумни изгледи за успех, фактот дека жалителот не го искористил правното средство не е пречка за допуштеност.[4] Во случајот, аргументот на Владата дека апликантот не ги исцрпил домашните правни лекови бил отфрлен. Ревизијата не претставувала ефективен правен лек, бидејќи вредноста на спорот е далеку под законскиот праг од 1.000.000 денари за допуштеност,[5] а Врховниот суд во паралелна постапка изречно заземал став дека ревизијата воопшто не е дозволена во постапките за признавање на странски арбитражни одлуки, согласно Законот за вонпарнична постапка, кој содржи листа на специфични видови постапки во кои овој правен лек е дозволен. Прашањето за пристрасност апликантот не можел да го истакне во текот на жалбената постапка, бидејќи информацијата за вработување на сопругот била откриена дури по донесувањето на одлуката од Апелациониот суд.

Како следно, во светло на конкретниот предмет, Судот ја разгледал повредата на принципот на непристрасност и обврската за образложение на судските одлуки, како конститутивни елементи на членот 6 став 1 од ЕКЧП.

2.1. ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 ПОРАДИ НЕПРИСТРАСНОСТ НА СУДИЈА

Во однос на фактичко прашање дали судот на РСМ обезбедил доволна гаранција за непристрасност во смисла на членот 6 став 1 од ЕКЧП, Судот констатирал дека судијата Ј.Н. не можела да не знае дека нејзиниот сопруг бил вработен во компанијата-должник во текот на постапката, а сепак тој факт не го открила, иако таквата обврска е изречно дефинирана во ЗПП.[6] Според тоа, составот на апелациониот суд не бил таков да ја гарантира неговата непристрасност и не го исполнил стандардот на Конвенцијата според објективниот тест.

ЕСЧП ги оценил сомнежите за непристрасност како објективно оправдани, бидејќи претседавачкиот судија Ј.Н е член на тричлен совет, а поради тајност на расправата не може да се утврди фактичкото влијание врз одлуката. Непочитувањето на обврската за откривање на конфликт на интереси претставува веќе воспоставен проблем и во предметот *Stoimenovikj and Miloshevikj v. North Macedonia*[7] каде ЕСЧП утврдил дека обврската на судијата да го извести претседателот на судот за околностите кои го оправдуваат изземањето е изречно утврдена во националното право, при што таа обврска е уште позначајна кога странката нема процесна можност самостојно да побара изземање.

Ваквиот наод е во согласност и со воспоставената практика *во предметот Nikolov v. the former Yugoslav Republic of Macedonia*[8]*, во кој* Судот прифатил дека самиот факт што сопругата на судијата била вработена кај туженият, е доволно за да постои сомнеж во неговата непристрасност, па соодветно постои обврска за известување на претседателот на судот со цел негово изземање. Во оваа насока, во предметот *Nicholas v. Cyprus*[9], било определно дека секоја околност која создава сомнеж треба да биде откриена уште на почетокот на постапката за соодветна процена од потребата за изземање, додека во предметот *Ramljak v. Croatia*[10] било нотирано дека при постоење легитимна причина за сомнеж за непристрасност, судијата мора да се повлече.

---

3 Dalia v France App no 26102/95 (ECtHR 19 February 1998), para 38.

4 Европски суд за човекови права, Практичен водич за критериумите за допуштеност (МАГОР, Скопје 2013), стр.30

5 Закон за парнична постапка, Службен весник на РМ, бр. 79/2005, член 372(2)

6 Ibid, член 64(6) и член 65(3)

7 Stoimenovikj and Miloshevikj v North Macedonia App no 59842/14 (ECtHR 25 March 2021), para 40–41.

8 Nikolov v the former Yugoslav Republic of Macedonia App no 41195/02 (ECtHR 20 December 2007), para 25.

9 Nicholas v Cyprus App no 63246/10 (ECtHR 9 January 2018), paras 64–65.

10 Ramljak v Croatia App no 5856/13 (ECtHR 27 June 2017), para 31.

2.2. ПОВРЕДА НА ЧЛЕН 6 ПОРАДИ НЕДОВОЛНОТО ОБРАЗЛОЖЕНА СУДСКА ОДЛУКА

Образложените судски одлуки претставуваат правна обврска, но истовремено обезбедуваат и заштитна функција, штитејќи го поединецот од произволност и арбитрарност. Судот во *Tatishvili v. Russia*[11], веќе утврдил дека образложението ѝ покажува на странката дека била слушната и ѝ дава можност да поднесе делотворна жалба. Обврската на судовите да ги наведат причини за нивните одлуки е воспоставена и преку стожерната одлука во предметот *García Ruiz v. Spain*[12], каде е утврдено дека правото од член 6 ги обврзува судовите да ги наведат причините врз кои се засноваат нивните одлуки, а степенот на применливост може да варира во зависност од природа на одлуката и се утврдува само во светлина на околностите на случајот. Иако обврската не подразбира детален одговор на секој аргумент, таа сепак бара експлицитен одговор кога постои аргумент кој доколку биде прифатен, би бил одлучувачки за исходот. Принципот на правичност би бил нарушен кога судовите игнорираат специфична, релевантна и важна поента изнесена од подносителот на барањето.[13] Правичноста најчесто се разгледува преку постапката како целина, но како што посочува Гротриан, во некои околности, правичноста е определена токму од исполнувањето на обврската за образложување, која може да има решавачки ефект.[14]

Во *NDI SOPOT SA v North Macedonia*, судовите ја одбиле арбитражна одлука врз две основи, при што не ги адресирале конкретните приговори на компанијата-апликант по ниту еден основ. Во однос на прашање за конечност на арбитражна одлука, Апелациониот суд ги повторил наодите на Основниот суд, без да се осврне на аргументите дека барањето за признавање не се однесува на пресуда на полскиот суд, туку на делумната арбитражна одлука на Меѓународниот арбитражен суд. Исто така, судот не ја оценил ни релевантноста на потврдата издадена од Генералниот секретар на МТК, која ја потврдува обврзувачката природа на арбитражна одлука. Во однос на прашање за наводна пристрасност на арбитерот и спротивност со јавниот поредок, апелациониот суд повторно го ограничил своето образложување на повторување на наоди на понискиот суд, без одговор на истакнатите аргументи дека компанијата-должник го пропуштила рокот да поднесе навремен приговор, со што се откажала од своето право и дека подоцна поднесениот приговор до МТК бил отфрлен како недозволен и неоснован.

Понатаму, националните судови утврдиле, без упатување на конкретен доказ, дека трето лице директно учествувало во потпишувањето на спорниот договор, наод кој е директно спротивен на заклучокот на самиот Меѓународен арбитражен суд при МТК кој одлучувајќи по истото фактичко прашање, не утврдил такво учество. Дополнително, судовите не ја образложиле ниту врската меѓу фактот и правниот заклучок, бидејќи утврденото постоење на „врски и познанство" помеѓу арбитерот J.M. и третото лице е различно од докажувањето дека таа врска создава објективно оправдан сомнеж за непристрасност, во смисла на членот 6 став 1 од ЕКЧП.

Исто така, ЕСЧП утврдил дека домашните судови, применувајќи ги членовите 116 и 113(1) од Законот за МПП, побарале дополнителен услов за признавање на странската арбитражна одлука - потврда за нејзина правосилност согласно член 101 од истиот закон. Меѓутоа, такво барање не е предвидено во член IV од Њујоршката конвенција, кој претставува *lex specialis* за признавање на странски арбитражни одлуки. Судот нагласил дека, иако не е негова задача да одлучува кој пропис требало да се примени, домашните судови не објасниле зошто му дале предност на домашниот закон наместо на меѓународниот договор, и покрај тоа што член 118 од Уставот предвидува дека ратификуваните меѓународни договори имаат примат во внатрешниот правен поредок.

---

11 Tatishvili v Russia App no 1509/02 (ECtHR 22 February 2007), para 58.

12 García Ruiz v Spain App no 30544/96 (ECtHR 21 January 1999), para 2, Ruiz Torija v Spain App no 18390/91 (ECtHR 9 December 1994), paras 29–30.

13 Mont Blanc Trading Ltd and Antares Titanium Trading Ltd v Ukraine App no 11161/08 (ECtHR 14 January 2021), para 82.

14 Ендрју Гротриан, Член 6 од ЕКЧП: правото на правично судење, Совет на Европа, 2009, стр.55.

ЗАКЛУЧОК

Пресудата во предметот *NDI SOPOT S.A. v. North Macedonia* го зацврстува фундаменталниот принцип дека постапките за признавање на странски арбитражни одлуки се полноправни судски постапки во кои важат сите гаранции на правично судење во согласност со ЕКЧП, нагласувајќи ја врската меѓу системот на ЕКЧП и меѓународниот арбитражен поредок воспоставен со Њујоршката конвенција.

Анализата упатува на три меѓусебно поврзани предизвици за македонскиот правен систем: доследна примена на Њујоршката конвенција над националното законодавството, толкување на обврската за обелоденување на конфликт на интереси како безусловна и позитивна должност на секој судија, и обврска за образложение на судските одлуки, кое содржи конкретен одговор на одлучувачките аргументи на странките.

Исто така, пресудата не претставува само констатација на повреда, туку и насока за идниот развој на принципот на владеење на правото во РСМ. Прашањето кое останува отворено е дали оваа пресуда ќе претставува поттик и почетна точка за суштински промени во националната судска практика или ќе остане уште една во низата утврдени повреди на членот 6 од ЕКЧП.

(Авторката Ристовска е редовен професор на Правен факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола,

Авторката Грујоска е магистер по бизнис право на Правен факултет – Кичево, Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола)

ПРАВОТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА КАКО ЧОВЕКОВО ПРАВО: АНАЛИЗА НИЗ ПРАКТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Во Република Северна Македонија постојат законски и институционални механизми за заштита на животната средина, но нивната примена е ограничена. Потребен е интегриран пристап кој ќе ги обедини законите, институциите и јавната свест за ефикасна заштита на човековите права преку еколошка правда. Превенцијата, транспарентноста, информираноста и пристапот до правна заштита се клучни за остварување на правото на здрава животна средина

САРА НЕШКОСКА

АПСТРАКТ:

Во современите правни системи, правото на здрава животна средина сè повеќе се препознава како суштински дел од корпусот на човековите права. Иако не е експлицитно гарантирано во Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), неговата заштита се остварува преку динамичното толкување на одредбите од страна на Европски суд за човекови права (ЕСЧП), особено во контекст на правото на живот, правото на приватен и семеен живот и правото на ефективен правен лек. Трудот има за цел да ја анализира улогата на Судот во афирмирањето на еколошката правда преку судската практика, со посебен осврт на релевантни пресуди кои ја утврдуваат одговорноста на државите за заштита на животната средина. Дополнително, се разгледуваат предизвиците со кои се соочува Северна Македонија во имплементацијата на европските стандарди, особено во контекст на загадувањето и институционалната ефикасност. Преку анализа на правната рамка и практичните аспекти, трудот укажува на потребата од посеопфатен пристап кон заштитата на животната средина како предуслов за остварување на основните човекови права.

Клучни зборови: човекови права, Европски суд за човекови права, животна средина, еколошка правда, пресуди, загадување, право на животна средина, европски стандарди, Македонија, заштита на животната средина.

ВОВЕД

Човековите права ги гарантираат основните слободи и достоинството на секој поединец. Во последните децении, сè повеќе се прифаќа фактот дека правото на здрава животна средина е од суштинско значење за остварување на другите човекови права. Со зголеменото индустријално производство, урбанизација и климатски промени, опасностите за природната средина и здравјето на поединците се зголемуваат, што ја прави заштитата на животната средина критична за гарантирање на човековите права.

Европскиот суд за човекови права игра клучна улога во афирмирањето на правото на здрава животна средина преку толкување на одредбите од Европската конвенција за човекови права. Иако овој концепт не е експлицитно наведен во самата Конвенција, судската практика ги поставува правните основи кои ја признаваат важноста на животната средина како основно човеково право.

Во рамките на овој труд, ќе се анализира правото на здрава животна средина како дел од човековите права, ќе се прегледа улогата на ЕСЧП во оваа сфера, и ќе се испита актуелната состојба во Република Северна Македонија во контекст на европските стандарди за заштита на животната средина.

1. ПРАВОТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА КАКО ЧОВЕКОВО ПРАВО

Правото на здрава животна средина не е експлицитно дефинирано во Европската конвенција за човекови права, но тоа се смета за составен дел од неколку други основни права, како што се правото на живот, правото на приватен и семеен живот, како и правото на ефективен правен лек.

Правото на здрава животна средина се однесува на правото на поединецот да живее во средина која не го загрозува неговото здравје и благосостојба.[1] Загадувањето на воздухот, водата, почвата и други природни ресурси има директно влијание на здравјето на луѓето, што го прави ова право есенцијално за обезбедување на достоен живот.[2] Во современата правна теорија, ова

1 Fadeyeva v. Russia, App. no. 55723/00 (ECHR, 30 November 2005).

2 Bernitz, U., et al., *The European Court of Human Rights and Environmental Rights*, Cambridge University Press, 2015

право се гледа како услов за остварување на другите човекови права, како што се правото на живот и здравје, кои се неопходни за достоинствениот живот на поединецот.

1.1 МЕЃУНАРОДНИ СТАНДАРДИ И ЕВОЛУЦИЈАТА НА ПРАВОТО

Иако правото на здрава животна средина не е директно наведено во Европската конвенција за човекови права, овој концепт е препознаен на меѓународно ниво, особено преку:

- **Декларацијата на Обединетите нации за човекови права и животната средина**, која потврдува дека е неопходно сите држави да преземат мерки за заштита на животната средина, како дел од човековите права.
- **Препораките на Комитетот за човекови права на ОН** кои признаваат дека нарушувањето на животната средина може да претставува повреда на правото на живот и здравје.
- **Европска агенција за животна средина (ЕЕА)** која поставува стандарди за квалитетот на воздух, вода и отпад.

Покрај тоа, во рамките на Европската Унија, правото на здрава животна средина е регулирано со бројни директиви, кои имаат за цел да ја заштитат животната средина од штетни човечки активности.

2. УЛОГАТА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Иако ЕКЧП не го вклучува правото на здрава животна средина, ЕСЧП преку своите пресуди ја етаблирал оваа заштита. Судот користи одредби од Конвенцијата кои се поврзани со правото на живот, право на приватен и семеен живот, како и правото на ефективен правен лек, за да создаде правна основа за заштита на животната средина.

Во овој труд се издвоени неколку клучни пресуди кои ги тангираат прашањата поврзани со овозможување на здрава животна средина. Имено, во предметот *Lopez Ostra против Шпанија,*[3] Судот ја утврдил одговорноста на државата за загадувањето кое ги загрозувало здравјето и квалитетот на животот на жителите. Судот пресудил дека тоа претставува повреда на правото на приватен и семеен живот, иако не постоела експлицитна заштита за животната средина во самата Конвенција. Предметот *Fadeyeva против Русија* се однесува на загадувањето од индустриски објект кој ја загрозувал здравствената состојба на жителите. Судот пресудил дека државата има позитивни обврски да преземе превентивни мерки за заштита на животната средина и здравјето на своите граѓани. Во пресудата по предметот *Tătar против Романија,* Судот нагласува дека граѓаните имаат право на пристап до информации за животната средина и дека државата има обврска да ги информира своите граѓани за ризиците од загадување.

2.1. ПРАВОТО НА ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА ПРЕКУ СУДСКАТА ПРАКТИКА

Преку овие пресуди, Европскиот суд создава важни правни стандарди кои ги обврзуваат државите да обезбедат заштита од еколошки ризици. Судот ја нагласува важноста на превентивните мерки и на правото на пристап до правна заштита за граѓаните чии права се нарушени од загрозувањето на животната средина.[4]

3 Lopez Ostra v. Spain, App.no. 16798/90 (ECHR 9 December 1994).

4 Tătar v. Romania, App. no. 67021/01, (ECHR 6 July 2009).

Пресуди на Европскиот суд за човекови права и нивното влијание врз правото на животна средина и човековите права

Предмет (Case)	Година	Клучни факти	Право што е нарушено	Одлука на судот
Lopez Ostra v. Spain	1994	Загадување на животната средина од индустриска фабрика	Право на приватен и семеен живот (член 8 на Европската конвенција)	Судот утврди дека државата е одговорна за негативните последици од загадувањето врз здравјето на жителите.
Fadeyeva v. Russia	2005	Загадување од индустриски отпад и рударски активности	Право на живот (член 2 на Европската конвенција)	Судот го потврди правото на поединците да живеат во средина што не го загрозува нивното здравје.
Tătar v. Romania	2009	Загадување од рударски активности во рудник за злато	Право на ефективен правен лек и заштита на животната средина	Судот ги потврди механизмите на државата за заштита на животната средина, вклучувајќи правото на правна заштита.
Öneryıldız v. Turkey	2004	Загрозување на животната средина од диво складиште на отпад во урбана област	Право на живот (член 2)	Судот утврди дека државата не презела соодветни мерки за спречување на животната средина од сериозно загадување.

Кратка анализа:

Цел на табелата: Табелата го прикажува влијанието на судската практика на Европскиот суд за човекови права врз правото на животна средина како дел од човековите права.

За што служи табелата: Ова ќе го олесни разбирањето на основните аспекти од секој предмет и ќе овозможи читање на клучните факти и одлуката на судот со едноставен преглед.

Релевантност: Табелата е во согласност со темата за заштита на животната средина преку човековите права и дава компаративна анализа на пресудите.

3. ЕКОЛОШКАТА ПРАВДА И ОБВРСКИТЕ НА ДРЖАВАТА

3.1. ПОЗИТИВНИ ОБВРСКИ НА ДРЖАВАТА

Државите имаат законски обврски да преземат мерки за заштита на животната средина, не само да се воздржат од активности кои и наштетуваат, туку и активно да спроведуваат политики за превенција и санација на штетите. Овие обврски се дефинирани преку правото на здрава животна средина, кое ја обврзува државата да презема активности за спречување на загрозувањето на природата и на здравјето на граѓаните.

3.2. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ И ПРАВНА ЗАШТИТА

Државите се обврзани да обезбедат пристап до информации за животната средина на своите граѓани. Овој пристап е клучен за граѓаните да можат да се заштитат од еколошки ризици, да учествуваат во донесувањето на одлуки кои влијаат на нивната средина и да имаат ефективен механизам за заштита кога нивните права се нарушени. Без транспарентност и информираност, граѓаните се лишуваат од можноста да ги остварат своите човекови права поврзани со животната средина.

Граѓаните треба да имаат ефективен пристап до судска и административна заштита, која овозможува контрола на дејствата на државата и приватните субјекти кои го загрозуваат квалитетот на животната средина. Пристапот до правна заштита подразбира брзи и ефикасни судски процедури, можност за поднесување жалби, како и извршување на судски одлуки. Овој принцип е во директна врска со правото на ефективен правен лек предвиден со Европската конвенција за човекови права.

4. СОСТОЈБАТА ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Северна Македонија се соочува со сериозни еколошки проблеми, особено во урбаните центри, како Скопје, каде што концентрацијата на ПМ 2.5 честички во воздухот често ја надминува дозволената граница.[5] Индустриските активности, сообраќајот, согорувањето на отпад и депониите се главни извори на загадување.

Загадувањето влијае на здравјето на граѓаните, го намалува квалитетот на животот и создава ризик за повреди на човековите права.

4.1. ЗАКОНСКА РАМКА

Во Македонија постои законска рамка за заштита на животната средина, која ги вклучува:[6]

- **Законот за заштита на животната средина**, кој ги регулира мерките за спречување на загадувањето и управување со природните ресурси.
- **Законите за воздух, вода и отпад**, кои ги поставуваат конкретните стандарди за квалитет и постапките за надзор.

Законските прописи се усогласени со директивите на Европската Унија, но нивната примена и ефективност се ограничени.

4.2. ПРЕДИЗВИЦИ И ПОТРЕБА ОД УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЕВРОПСКИТЕ СТАНДАРДИ

Главните предизвици за реализација на правото на здрава животна средина во Македонија се однесуваат на недоволна институционална координација меѓу различните државни органи; недоволна контрола и мониторинг на индустриските и сообраќајните активности и ниска јавна свест и информираност за правата и обврските на граѓаните.[7]

Со цел ефективна заштита на правото на здрава животна средина, Македонија треба да ги зајакне механизмите за мониторинг и контрола на загадувањето; да обезбеди транспарентност и пристап до информации за граѓаните и да воведе ефикасни правни механизми за заштита на граѓаните кога нивните права се нарушени. [8] Овие мерки ќе овозможат државата да ја усогласи домашната практика со европските и меѓународните стандарди и да обезбеди еколошка правда како составен дел од човековите права.[9]

---

5 Министерство за животна средина и просторно планирање, Република Северна Македонија, 2022.

6 Закон за заштита на животната средина, Службен весник на РСМ, бр. 53/2005, Закон за воздух, Службен весник на РСМ, бр. 67/2004 и Закон за управување со отпад, Службен весник на РСМ, бр. 74/2004.

7 Стајковска, М. *Еколошката правда и човековите права во Република Северна Македонија*, Скопје, 2020.

8 Ibid, Boyle, A., & Anderson, M. *Human Rights Approaches to Environmental Protection*, Oxford University Press, 1996.

9 Обединети Нации, *Human Rights and the Environment: Report of the Special Rapporteur on Human Rights and the Environment*, 2010.

ЗАКЛУЧОК

Правото на здрава животна средина е суштински дел од современите човекови права. Судската практика на Европскиот суд за човекови права ја афирмира заштитата на животната средина преку одредбите за право на живот, право на приватен и семеен живот и право на ефективен правен лек. Преку конкретни пресуди како *Lopez Ostra против Шпанија, Fadeyeva против Русија и Tătar против Романија*, Судот ја утврдува одговорноста на државите за превенција на еколошки ризици и обезбедување на правна заштита за граѓаните.

Во Република Северна Македонија постојат законски и институционални механизми за заштита на животната средина, но нивната примена е ограничена. Потребен е интегриран пристап кој ќе ги обедини законите, институциите и јавната свест за ефикасна заштита на човековите права преку еколошка правда. Превенцијата, транспарентноста, информираноста и пристапот до правна заштита се клучни за остварување на правото на здрава животна средина.

(Авторката е магистер по Односи со јавност и корпоративни комуникации, вработена е во Сметководствено биро Анон Груп).

ЛЕГАЛИСТИЧКИ АВТОРИТАРИЗАМ, АВТОКРАТСКИ ЛЕГАЛИЗАМ И АВТОРИТАРЕН ПРОЦЕДУРАЛИЗАМ: КРИТИЧКА ДЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ (2026) НИЗ ПРИЗМАТА НА ДЕМОКРАТСКАТА ОТПОРНОСТ

Борбата за владеењето на правото не трпи компромиси. Овој Предлог-закон, под плаштот на „реформска агенда“, претставува класичен пример на процедурален авторитаризам, каде што софистицираните правни техники и прекумерната нормативна дисциплина се користат како ефикасен инструмент за институционално потчинување на обвинителската фела под диктатот на извршната власт. Овој закон мора да биде темелно ревидиран, бидејќи правото не смее да биде камшик во рацете на политиката, туку последна тврдина на граѓанинот и единствен гарант за неговата слобода

АНА ЧУПЕСКА

АПСТРАКТ

Трудот ќе понуди специфична теориско - емпириска деконструкција на Предлог-законот за Советот на јавните обвинители (LCPP) од 2026 година во Република Северна Македонија. Преку критичка дисекција на членовите 2, 6, 13, 34, 35, 41, 42 и 65, ќе го мапирам суптилниот уривачки механизам кој во научната литература со Фрчкоски го дефинираме како „авторитарен процедурализам“ (Фрчкоски, Љ.Д. и Чупеска, С.А.). Овој концепт, надополнет со теориите за „легалистички авторитаризам“ (Ozan Varol) и „автократски легализам“ (Scheppele,K.L), го разоткрива длабокиот расчекор меѓу формалната легалност и супстанцијалниот легитимитет на линија на Хабермасовата теорија за јавната сфера и јавната делиберација. Во трудот нудам ракурс за тоа како „стерилизираната легалност“ продуцира „радикална неправда“, каде софистицираните законски процедури служат за прикривање на извршната доминација во правосудниот систем и ги оневозможуваат клучните заштитни механизми. Дополнително, ја елаборирам акутната ургентност од развивање на „демократска отпорност“ на институциите. На крајот, понудени се конкретни амандмански препораки за ревизија на спорниот закон со цел зачувување на обвинителската автономија.

ВОВЕД: ПОДЕЛБАТА НА ВЛАСТИТЕ И ЗАРОБЕНАТА ДРЖАВА

Како конституционалист по убедување, сметам дека секој обид за реформа во правосудниот систем мора да се соочи со клучниот предизвик на денешнината: како да се спречи суптилното, но сурово заробување на државата (state capture). Наша граѓанска и академска должност е да го кренеме гласот кога демократијата се соочува со корозија низ процеси на т.н. „законска легализација“ на авторитарни тенденции. Правото не смее да биде само формална прекривка за политичко самоволие. Предлог-законот за Советот на јавните обвинители (LCPP) од 2026 година, кој номинално се презентира како усогласување со „Развојната секторска стратегија за правосудство 2024-2028“, претставува парадигматичен модел на закон кој е реформски по форма, но илиберален и ограничувачки по својата реална содржина. Извештајот за напредокот на Северна Македонија (2024) конзистентно нагласува дека надворешното и политичкото мешање во правосудството остануваат сериозен проблем.[1] Овој труд аплицира ригорозна деконструкција на предложените норми, мапирајќи ги пропустите кои ја загрозуваат обвинителската автономија. Методолошката парадигма на овој труд се темели на симбиозата меѓу критичката правна теорија и нормативната институционална анализа.

Преку детална дисекција на законските норми, компаративен осврт кон јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) и примена на критичкиот дискурзивен метод, трудот ги надминува рамките на сувопарниот правен позитивизам. Целта е да се разоткрие скриената политичка онтологија на правото и да се мапираат стратегиите преку кои софистицираните легални инструменти свесно се инструментализираат за постигнување и одржување на егзекутивна доминација.

1. ТЕОРЕТСКИ КООРДИНАТИ: ОД ЛЕГАЛИСТИЧКИ АВТОРИТАРИЗАМ ДО АВТОРИТАРЕН ПРОЦЕДУРАЛИЗАМ

За разобличување на илибералните тенденции на овој закон, неопходно е да се анализираат три теоретски рамки.

Прво, легалистичкиот авторитаризам (stealth authoritarianism) на Озан Варол кој објаснува како новата генерација авторитарни лидери ја перпетуира моќта преку истите правни механизми што

1 European Commission, *North Macedonia 2024 Report* (EC 2024).

постојат во демократските режими, прикривајќи ги репресивните практики под велот на легалноста. Варол пишува: „In so doing, they cloak repressive practices under the mask of law, imbue them with the veneer of legitimacy, and render anti-democratic practices much more difficult to detect and eliminate." Тој нагласува дека „волците ретко се појавуваат како волци" (wolves rarely appear as wolves)[2].

Второ, автократскиот легализам (autocratic legalism) на Ким Лејн Шепеле го нотира уривањето на либералната уставност однатре: „Autocratic legalism is when autocrats push their illiberal measures with electoral backing and use constitutional or legal methods to accomplish their aims."[3] Овие лидери создаваат „Франкенштајн држави" (Frankenstates), каде уставни делови извлечени од либерални контексти се спојуваат во една токсична легална целина наменета исклучиво за извршна доминација.

Трето, авторитарниот процедурализам (authoritarian proceduralism) претставува технологија на прекумерна регулација на домени кои треба да уживаат максимална независност. Во моите претходни истражувања истакнав дека извршната власт ја користи наводната општа волја за да прави законодавни маратони и да ги легализира сопствените противуставни активности: „Consequently, on the basis of that 'supposed' general will - by majority rule the one is enacting laws, making legislative marathons and it is performing authoritarian proceduralism. Any decision, than, it is pronounced as it is 'in according with the law' - nevertheless if law itself it is unjust, or if the one is anti-constitutional."[4] Како што се нотира во релевантната студија на ИОХН, рецензирана од Љубомир Фрчкоски, авторитарниот процедурализам го негира самиот уставен концепт на „чесен граѓанин" во либералните демократии, пишувајќи закони со претпоставка на постојан извршен надзор и сомнеж: „The establishing of legislative regulation that limits, disciplines and sanctions... can be explained through legal interpretation... which entails excessive regulation of the domain as an attempt to instill control by the executive power..."[5]

Во оваа насока, во нашиот заеднички труд со Фрчкоски насловен како „Граѓанската непослушност и уставот", го елабориравме длабокиот расчекор меѓу легалноста (legality) и супстанцијалниот легитимитет (legitimacy) на линија на Хабермасовата теорија за комуникативно дејствување[6]. Кога формалната легалност се одвојува од својот легитимитет, а изборниот и законодавниот систем се кооптирани без јавен консензус, законот престанува да биде израз на уставна правда и се трансформира во „радикална неправда". Авторитарниот процедурализам оперира во овој уставен вакуум, злоупотребувајќи го Собранието за да донесе закони кои се слепи за јавниот интерес, претворајќи го правото во камшик на извршната власт.

За целосно да се разбере разорниот потенцијал на авторитарниот процедурализам, неопходно е оваа појава да се анализира низ призмата на динамиката на моќта и воспоставувањето на општествена хегемонија. Тргнувајќи од Грамшиевиот концепт за културна и политичка хегемонија, очигледно е дека извршната власт не се задоволува само со формалното поседување на механизмите на одлучување, туку тежнее кон воспоставување апсолутен монопол и контрола врз правосудниот дискурс. Во контекст на радикалната демократија и теоријата на агонизам на Шантал Муф и Ернесто Лаклау, независните правосудни институции би требало да претставуваат арена за легитимен демократски плурализам и институционален баланс[7]. Наместо тоа, преку предложените законски решенија, извршната власт ги третира овие институции не како демократски партнери, туку како политички антагонисти кои мора да бидат нормативно покорени и

2 Ozan O Varol, 'Stealth Authoritarianism' (2015) 100 Iowa Law Review 1673, 1675

3 Kim Lane Scheppele, 'Autocratic Legalism' (2018) 85 University of Chicago Law Review 545, 548

4 Ana Chupeska, 'Authoritarian Testament of Democracy and Insufficiency of Elections: The Case of Macedonia' (2016) 4(4) Communicology 192, 195

5 Blazeva A and Mukoska A, *Policy Document concerning the Public Policy on the Effects of Existing Regulation of Editorial/ Media Freedom* (Institute of Social Sciences and Humanities - Skopje 2018) 12.

6 Љ.Д Фрчкоски и А Чупеска-Станишковска, *Граѓанската непослушност и уставот,* Мултикултурна Акомодација, (Везилка 2013) 45.

7 Antonio Gramsci, *Selections from the Prison Notebooks* (Quintin Hoare and Geoffrey Nowell Smith eds/trs, Lawrence and Wishart 1971) 210; Ernesto Laclau and Chantal Mouffe, *Hegemony and Socialist Strategy: Towards a Radical Democratic Politics* (2nd edn, Verso 2001) 130.

дисциплинирани. Авторитарниот процедурализам тука се јавува како ултимативна технологија за елиминирање на тој професионален плурализам, трансформирајќи го Советот на јавните обвинители во апарат за одржување на егзекутивната хегемонија, каде обвинителите од независни актери се сведуваат на послушни извршители.

3. ДЕМОКРАТСКАТА ОТПОРНОСТ (DEMOCRATIC RESILIENCE) КАКО ИМУНОЛОШКИ ОДБРАНБЕН МЕХАНИЗАМ

Во услови на постојан легислативен упад преку „стерилизирана легалност“ и авторитарен процедурализам, политичкиот систем мора да развие соодветна демократска отпорност (democratic resilience). Во нашиот заеднички труд со Ања Диздаревиќ истакнавме: „Democratic resilience, first of all, refers to the ability and capacities of a democratic political system to resist, or to show resilience, or to recover from threats or attacks against its institutions and practices.“[8] Оваа отпорност не е константна, туку зависи од историското искуство, уставните капацитети и политичката култура. Доколку Советот на јавните обвинители се дизајнира така што овозможува внатрешно кариерно заробување, имунолошкиот одбранбен систем на правосудството е целосно оневозможен наспроти илибералните влијанија.

4. НОРМАТИВНА ДЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПРЕДЛОГ-LCPP (2026): ПРИМЕРИ НА АВТОРИТАРЕН ПРОЦЕДУРАЛИЗАМ

Дисекцијата на поединечните одредби на Предлог-законот за Советот на јавните обвинители (LCPP) открива како авторитарниот процедурализам и радикално неправедната „стерилизирана легалност” се вградени во нормативниот текст.

Член 2: Декларативност без заштитни механизми. Членот 2 (1) декларира дека „Советот е самостоен орган кој ја обезбедува и гарантира самостојноста на јавните обвинители... “. Како што се нотира во експертските коментари, оваа одредба е соголена од оперативни заштитни механизми. Таа е типичен производ на авторитарен процедурализам: на хартија се прогласува самостојност за задоволување на ЕУ препораките, но во суштина не се нуди ниту еден конкретен инструмент за заштита на професионалноста на фелата наспроти финансиската и административна узурпација од извршната власт.

Член 6 и 13: Хиерархиска субординација и конфликт на интереси. Членот 6 предвидува состав од 11 членови, вклучувајќи го Јавниот обвинител на РСМ како член по функција (ex-officio). Како конституционалист по убедување, нагласувам дека Уставот во Амандман XXX став 8 воопшто не предвидува дека Јавниот обвинител мора да биде дел од ова тело. Неговото вклучување во услови на строгата македонска обвинителска хиерархија создава корпоративна субординација каде обвинителите се подредени на својот „шеф“, кој патем е политички изгласан од Собранието. Иако Член 13 (2) воведува козметичко изземање од гласање во одредени дисциплински случаи, Венецијанската комисија во мислењето CDL-AD (2025)036 предупредува дека ограничувањата се недоволни, бидејќи тој се уште може да гласа за унапредување и оценување на подредените, дерогирајќи го со тоа Opinion No. 18 (2023) на CCPE за заштита на внатрешната независност од хиерархиски влијанија[9]. Тука сакам да реферирам на Габер-Дамјановска, со нејзините согледувања, имено дека телото кое одлучува за статусот на правосудните функционери мора да биде изградено врз принципи кои гарантираат објективна и субјективна независност, каде еден од

8 Chupeska A and Dizdarevic A, ‘Democratic Resilience and Its Respectable Challenges’ (2022) Современа македонска одбрана [страница].

9 Venice Commission, ‘Joint Opinion on the Draft Laws on the Public Prosecutor’s Office and on the Council of Public Prosecutors’ CDL-AD(2025)036, para 25-28.

клучните предуслови е составот со преовладување на професионалци непосредно избрани од своите колеги, а не политички делегирани лица [10].

Член 34 и 35: Собранискиот филтер и простото мнозинство. Членовите 34 и 35 го регулираат изборот на лаички членови во Собранието. Условот од 15 години искуство во член 34 се користи како прекумерно строг филтер за намерно стеснување на кругот на кандидатури за полесно политичко кооптирање на „подобни" кадри. Дополнително, член 35 молчи за потребното мнозинство во Собранието, што имплицира избор со просто мнозинство. Ова е во директен судир со препораките на Венецијанската комисија и ССРЕ, кои бараат квалификувано (двотретинско) мнозинство со цел спречување на политизацијата и обезбедување на натпартиски плурализам[11].

Член 41 и 42: Олеснување на чистките и доверливиот карактер. Членот 41 го спушта прагот за иницирање дисциплинска постапка за разрешување на член на Советот на само најмалку 5 обвинители или 3 членови на Советот, наместо претходните 20. Преку апстрактни формулации како „запоставува обврски" се олеснува дисциплинирањето на непослушните. Ова е здружено со член 42 (1) кој налага дека постапката е „итна и од доверлив карактер, се води без присуство на јавноста". Ваквата тајност е во флагрантен судир со препораката CM/Rec (2000) 19 на Советот на Европа и со јавниот интерес, претворајќи го процесот во затворена дисциплинска „црна кутија".

Член 65 (став 5): Оневозможена судска заштита и повреда на Член 6 од ЕКЧП. Ова претставува класичен упад на авторитарниот процедурализам во уставните гаранции: Член 65 (5) пропишува дека во случаи на разрешување, „управен спор е дозволен само во однос на законитоста на постапката". Со овој став, судот е законски оневозможен да навлезе во меритумот на случајот, со што се укинува самиот пристап до суд по суштината на прашањето. Ова е директна повреда на правото на трибунал со целосна јурисдикција (full jurisdiction) загарантирано со член 6 § 1 од ЕКЧП, за што Европскиот суд за човекови права јасно утврди: „The Court must be able to examine the facts and the merits of the case, and not just the lawfulness of the proceedings"[12]. Или, како што инструктивно нагласува судијката и професорка Наташа Дамјановска-Габер, да ја парафразираме нејзината стручно-научна согледба, имено дека судската контрола мора да биде овозможена целосно, а не од еден селектиран аспект (законитост на постапката), бидејќи правдата не само што мора да биде задоволена, туку мора и да изгледа дека е задоволена[13].

5. ДИНАМИЗМОТ НА АВТОРИТАРНИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЛЕГИСЛАТИВЕН КОНТЕКСТ

Овој Предлог-закон не е изолиран феномен, туку се вклопува во севкупниот динамизам на авторитарниот бран во Северна Македонија, каде авторитарниот процедурализам се наметнува како систематски претпочитан *modus operandi* на извршната власт. За да се сфати целосната магнитуда на овој феномен, неопходно е Предлог-законот за Советот на јавните обвинители да се позиционира во поширокиот легислативен хабитус на државата. Тој не претставува инцидентен правен преседан, туку логична консеквенца на една веќе етаблирана системска практика. Доволно е да се направи компаративна паралела со неодамнешните, високо контроверзни измени на Кривичниот законик и Законот за Судскиот совет.

---

10 Наташа Габер-Дамјановска, „Некои актуелни прашања за статусот на судиите низ призмата на практиката на Европскиот Суд за човековите права" (2020) 21 Правен дијалог 15.

11 Venice Commission, 'Joint Opinion on the Draft Laws on the Public Prosecutor's Office and on the Council of Public Prosecutors' CDL-AD(2025)036, para 32-34

12 *Denisov v Ukraine* [GC] App no 76639/11 (ECtHR, 25 September 2018) para 62.

13 Наташа Габер-Дамјановска, „Некои актуелни прашања за статусот на судиите низ призмата на практиката на Европскиот Суд за човекови права" (2020) 21 Правен дијалог 15, 18.

Во сите овие случаи, видлив е идентичен стратешки пристап: суштинските измени кои ја редефинираат архитектурата на правдата се носат преку т.н. законодавни маратони, честопати злоупотребувајќи ги механизмите за забрзана постапка, вклучително и неоправданата употреба на „европското знаменце“. Оваа злоупотреба на процедурата служи исклучиво за бајпасирање на јавната делиберација и елиминирање на стручната дебата, претворајќи го законодавниот дом во обична гласачка машинерија за верификација на егзекутивните одлуки.

Истиот законодавен инженеринг, каде законите се пишуваат за да ги дисциплинираат и санкционираат професионалците во независните сектори, е јасно препознатлив. Сепак, она што најмногу загрижува е двојниот стандард кој овој авторитарен процедурализам го продуцира. Имено, додека кај Кривичниот законик сведочевме на извесна „легална амнестија“ и редуцирање на санкциите за злоупотреби на моќ од страна на политичките елити, во Законот за Судскиот совет, а сега и во овој Предлог-закон за Советот на јавните обвинители, се имплементира обратен, но комплементарен механизам – прекумерно нормативно стегање и воведување на ригидни дисциплински постапки за неистомислениците (како што е спуштањето на прагот во член 41).

Се создава парадоксална, но крајно опасна правна реалност: за носителите на извршната власт правото станува флексибилно и пермисивно, додека за контролните и независните механизми (како обвинителите) правото се претвора во ригиден, санкционерен камшик. Сите овие закони го делат идентичниот генетски код на прикриениот авторитаризам: тие го користат правото и процедурите не за да ја ограничат моќта, усогласувајќи ја со легитимитет, туку за да ја легализираат и затскријат сопствената самоволност. Овој феномен е еклатантен пример за тоа како авторитарниот процедурализам го суспендира фундаменталното начело на владеење на правото (*rule of law*), заменувајќи го со владеење *преку* правото (*rule by law*).

Поразително е што истиот манир на „законско дисциплинирање“ се повторува низ повеќе закони, создавајќи токсична правна култура. Според Дамјановска-Габер, практиката на ЕСЧП низ годините разоткрива системски образец каде недостатоците во дисциплинските постапки не се изолирани инциденти, туку алатки со кои се таргетира дигнитетот и статусот на правосудните функционери[14]. Тоа го потврдува мојот заклучок дека правото овде служи исклучиво како казнено орудие во рацете на моќниците, а не како гарант на уставноста и правдата.

6. КОЛИЗИЈАТА НА ПРЕДЛОГ-ЗАКОНОТ СО ЈУРИСПРУДЕНЦИЈАТА НА ЕСЧП: ИНСТИТУЦИОНАЛИЗИРАЊЕ НА СТРУКТУРНАТА ПРИСТРАСНОСТ

Соголувањето на авторитарниот процедурализам во овој Предлог-закон станува најочигледно кога неговите одредби ќе се конфронтираат со етаблираната јуриспруденција на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП). Наместо да ги инкорпорира европските стандарди за фер судење и независност, законодавецот креира систем кој директно ги суспендира.

Првичниот и најсериозен удар врз владеењето на правото се детектира во флагрантното кршење на стандардите поставени во пресудата ***Denisov v. Ukraine [GC]*** **(бр. 76639/11, 25.09.2018)**. Во оваа пресуда, Судот недвосмислено ја потврдува применливоста на граѓанскиот дел на Член 6 § 1 врз постапките за разрешување на правосудни функционери, истакнувајќи ја апсолутната обврска на државата да обезбеди независен трибунал со „полна јурисдикција“ (*full jurisdiction*)[15]. Ова подразбира трибунал кој има надлежност да ги преиспитува и фактичките и правните прашања, вклучително и ревизија на пропорционалноста на санкциите[16]. Директно спротивно на ова, член 65 (5) од Предлог-законот предвидува дека судската заштита е ограничена само на

14 Исто.

15 *Denisov v Ukraine* [GC] App no 76639/11 (ECtHR, 25 September 2018) para 62

16 Kim Lane Scheppele, 'Autocratic Legalism' (2018) 85 University of Chicago Law Review 545, 552.

„законитоста на постапката“. Ова е класичен упад од авторитарниот процедурализам: свесно се врзуваат рацете на Управниот суд да изврши суштинска мериторна ревизија. Со укинувањето на оваа контрола, извршната власт го издигнува Советот во апсолутен и неконтролиран господар на кариерите на обвинителите, елиминирајќи ја можноста за објективна судска заштита.

Вториот критичен аспект се однесува на институционализирањето на структурната пристрасност, што директно колидира со наодите од епохалната пресуда ***Oleksandr Volkov v. Ukraine* (бр. 21722/11, 09.01.2013)**. Во случајот *Volkov*, ЕСЧП утврди сериозни системски и структурни недостатоци во дисциплинскиот систем, особено потенцирајќи ја зависноста на членовите на Советот од нивните примарни работодавачи и политичката/егзекутивната кооптација. Членовите 6 и 13 (2) од предложениот LCPP, кои го задржуваат Јавниот обвинител на РСМ како *ex-officio* член во процесите на унапредување и оценување на подредените, претставуваат законско пресликување на токму онаа структурна пристрасност и хиерархиска зависност која ЕСЧП ја осуди во Украина. Како што нагласуваат научните авторитети, случајот *Volkov* е камен-темелник за спречување на корпоративизмот и политичкото влијание преку егзекутивни лојалисти во правосудните совети[17], стандард кој македонскиот законодавец целосно го игнорира.

Конечно, изостанувањето на транспарентноста и правото на ефективен правен лек доаѓа до израз при анализата низ призмата на најновата практика, како што е ***Gerovska-Popchevska v. North Macedonia (No. 2)* (бр. 30989/20, 05.05.2026)**. Во овој случај, ЕСЧП ја прошири применливоста на граѓанскиот дел на член 6 § 1 на дисциплински постапки за професионално недолично однесување дури и против пензионирани правосудни функционери, утврдувајќи дека „професионалната репутација не престанува со пензионирањето“[18]. Исклучувањето на јавноста предвидено во член 42 и стеснувањето на заштитата кај член 65 (5) од LCPP директно го прекршуваат овој стандард. Декларативните наоди на Советот не можат да се извлечат од опсегот на Конвенцијата само затоа што постапката е прогласена за доверлива. Професионалниот и социјалниот углед е дел од социјалниот идентитет заштитен под ЕКЧП (*Denisov* / *Grzęda* доктрина)[19]. Елаборацијата согласно научните авторитети потврдува дека секое процедурално стеснување на правото на жалба ја урива демократската отпорност и го воспоставува системот исклучиво како илиберална алатка за дисциплинирање[20].

ЗАКЛУЧОК И НОРМАТИВНИ ПРЕПОРАКИ (АМАНДМАНИ)

Теоретската деконструкција и емпириската анализа на Предлог-законот за Советот на јавните обвинители недвосмислено индицираат дека овој легислативен потфат не претставува автентична реформа, туку перфиден инструмент на авторитарниот процедурализам. Под плаштот на евроинтеграциската реторика и наводното усогласување со „Развојната секторска стратегија за правосудство“, извршната власт конструира систем на „радикална неправда“ каде стерилизираната легалност служи за институционално покорување на обвинителската автономија.

Колизијата на овој закон со јуриспруденцијата на ЕСЧП (конкретно стандардите од ***Denisov*, *Volkov*** и ***Gerovska-Popchevska***) ја разоткрива намерата да се легализира структурната пристрасност и да се елиминира ефективната судска контрола. Наместо да гради демократска отпорност, законодавецот креира затворен, хиерархиски субординиран систем кој ја гуши агонистичката плуралност и воспоставува извршна хегемонија врз правосудниот дискурс.

17 Kim Lane Scheppele, ‘Autocratic Legalism’ (2018) 85 University of Chicago Law Review 545, 555; Ozan O. Varol, ‘Stealth Authoritarianism’ (2015) 100 Iowa Law Review 1673, 1690.

18 *Gerovska-Popchevska v. North Macedonia (No. 2)* App no 30989/20 (ECtHR, 5 May 2026) para 45.

19 *Denisov v Ukraine* [GC] App no 76639/11 (ECtHR, 25 September 2018) para 92; *Grzęda v Poland* [GC] App no 43572/18 (ECtHR, 15 March 2022) para 258.

20 Kim Lane Scheppele, ‘Autocratic Legalism’ (2018) 85 University of Chicago Law Review 545, 560.

За да се деконструира овој уривачки механизам, да се заштити обвинителската независност и да се спречи суспендирањето на владеењето на правото, неопходно е итно донесување на следните законски амандмани

Член на Предлог-закон	Спорна одредба	Предложена измена (амандман)	Теоретска заложба
Член 2	Чисто декларативна одредба без механизми.	Дополнување со конкретни заштитни мерки и буџетска самостојност на Советот	Обезбедување на професионализмот наспроти извршниот притисок.
Член 13	Јавниот обвинител гласа за кадровските одлуки.	Целосно изземање на Јавниот обвинител од унапредување на подредените.	Спречување на внатрешната субординација и корпоративизам.
Член 35	Собраниски избор со просто мнозинство.	Лаичките членови да се избираат со квалификувано (двотретинско) мнозинство.	Зачувување на политичката неутралност и плурализам.
Член 41	Праг од 5 обвинители / 3 члена за покренување одговорност	Враќање на прагот на најмалку 20 обвинители или 1/3 од Советот.	Спречување на внатрешни чистки од мали групи.
Член 42	Доверлив карактер на постапката.	Јавноста се воведува како општо правило за постапките за разрешувањето	Афирмирање на транспарентноста и јавниот интерес.
Член 65 (5)	Управен спор е дозволен само за законитоста на постапката.	Целосно бришење на ставот 5 и воведување на мериторна судска контрола.	Заштита на правото на пристап до суд (Член 6 од ЕКЧП).

Борбата за владеењето на правото не трпи компромиси. Конечната анализа недвосмислено покажува дека овој Предлог-закон, под плаштот на „реформска агенда“, претставува класичен пример на процедурален авторитаризам, каде што софистицираните правни техники и прекумерната нормативна дисциплина се користат како ефикасен инструмент за институционално потчинување на обвинителската фела под диктатот на извршната власт. Овој закон мора да биде темелно ревидиран, бидејќи правото не смее да биде камшик во рацете на политиката, туку последна тврдина на граѓанинот и единствен гарант за неговата слобода.

ЕКСКУРС

Овој труд, всушност, е проширено мое експозе кое го елаборирав во Собранието на Република Северна Македонија, пред владејачкото мнозинство да го изгласа законот. Тоа беше мојот последен обид, од уставна и академска говорница, да ги предупредам пратениците за последиците од воведувањето на овие авторитарни параграфи. Како редовна професорка на Институтот за политички науки и конституционалист по убедување, сметам дека молкот пред ваквите законски уривања на поделбата на власта е соучесништво. Борбата за уставноста и за автономијата на правосудството продолжува на сите со лично и општествено дејствување.

(***Авторката е редовна професорка на Институтот за политички науки, Правен факултет „Јустинијан Први“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј» во Скопје***)

ДИСКРЕЦИЈАТА НА ЕВРОПСКАТА ЦЕНТРАЛНА БАНКА ВО БАНКАРСКАТА СУПЕРВИЗИЈА И ГРАНИЦИТЕ НА СУДСКАТА КОНТРОЛА

Останууваат две отворени прашања: дали во иднина FOLTF оценките ќе бидат предмет на поширока судска контрола, каде точно се наоѓа границата меѓу подготвителен и конечен акт и дали зголемениот пристап до суд ќе влијае врз брзината и ефикасноста на интервенциите во кризни ситуации. Дополнително, потребно е прецизно појаснување на критериумите за утврдување „директна засегнатост" со цел да се обезбеди правна сигурност. Во поширока перспектива, ЕБУ влегува во фаза на зрелост, во која судската контрола станува интегрален дел од институционалниот баланс каде финансиската стабилност и владеењето на правото не се спротивставени принципи, туку меѓузависни столбови на европската правна и економска архитектура

ХРИСТИНА БАЛКАНОВ

АПСТРАКТ

Овој труд ја анализира еволуцијата на судската контрола врз супервизорските овластувања на Европската централна банка во рамки на Единствениот супервизорски механизам, со фокус на процесната легитимација на акционерите. Преку компаративна анализа на две одлуки, се испитува дали Судот задржува рестриктивен, формалистички пристап кон поимот „подготвителен акт" или развива еволутивен стандард заснован врз фактичкиот правен ефект на супервизорските мерки. Трудот покажува дека, иако се зацврстува ограничената оспорливост на *FOLTF* оценките, сепак постои сигнализација за поместување кон поширока заштита кога мерките директно ја менуваат правната положба на акционерите. Заклучокот е дека не станува збор за пресврт, туку за постепена доктринарна еволуција кон модел на „контролирана дискреција", во кој финансиската стабилност и ефективната судска заштита се третираат како меѓузависни принципи во уставната архитектура на Европската банкарска унија.

Клучни зборови: Европска централна банка, супервизорска дискреција, процесна легитимација, ефективна судска заштита

ВОВЕД

Единствениот супервизорски механизам (ЕСМ) е првиот столб на Европската банкарска унија (ЕБУ) и е воспоставен со Регулатива (ЕУ) бр. 1024/2013[1], врз основа на член 127(6) ДФЕУ[2]. Врз основа на оваа Регулатива, целта на ЕСМ е централизирана и конзистентна пруденцијална супервизија на кредитните институции во еврозоната, со што се јакне финансиската стабилност и се намалува ризикот од фрагментација на внатрешниот пазар. Така, во рамките на ЕУ, Европската централна банка (ЕЦБ) има директна надлежност над значајните банки и координативна улога над националните супервизори.

Еден од концептите во супервизорската архитектура е проценета дали одредена банка е во состојба на пропаѓање или е веројатно дека ќе пропадне, односно *„Failing or Likely to Fail" (FOLTF)*. Проценета за *FOLTF* ја врши ЕЦБ, по консултација со Единствениот одбор за резолуција (ЕОР), во согласност со член 18(1) потточка 2 од Регулативата (ЕУ) 806/2014[3], доколку субјектот исполнува еден од условите наведени во член 18(4) од Регулативата (ЕУ) 806/2014[4]. Ваквата институционална поставеност создава јаз меѓу потребата од ефикасна супервизорска интервенција, која е неопходна за заштита на финансиската стабилност, и правото на ефективна судска заштита гарантирано со член 47 од Повелбата за основните права на ЕУ[5] (во понатамошниот текст: Повелбата).

Токму балансот меѓу овие два принципа претставува дилема во современата судска пракса поврзана со ЕСМ, а истражувачкото прашање на трудот е дали судската пракса води кон рестриктивен или кон еволутивен пристап во однос на процесната легитимација на акционерите во рамки на ЕСМ. Практично, се анализира дали толкувањето на член 263 ДФЕУ[6], кој ги уредува условите за поднесување тужба за поништување, останува строго формалистичко или постепено се прилагодува кон проширување на пристапот до суд во контекст на супервизорските мерки на ЕЦБ.

---

1 Council Regulation (EU) No 1024/2013 of 15 October 2013 conferring specific tasks on the European Central Bank concerning policies relating to the prudential supervision of credit institutions, *https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:L:2013:287:0063:0089:EN:PDF*

2 Consolidated version of the Treaty on the Functioning of the European Union *OJ C 326, 26.10.2012, pp. 47–390* Art. 127(6).

3 Regulation (EU) No 806/2014 of the European Parliament and of the Council of 15 July 2014 establishing uniform rules and a uniform procedure for the resolution of credit institutions and certain investment firms in the framework of a Single Resolution Mechanism and a Single Resolution Fund and amending Regulation (EU) No 1093/2010 Art 18(1) p.3.

4 Ibid. Art. 18(4).

5 Charter of Fundamental Rights of the European Union 2012/C 326/02 Art.47.

6 Consolidated version of the Treaty on the Functioning of the European Union OJ C 326, 26.10.2012, pp. 47–390 Art. 263.

Теоретската рамка се темели врз начелото на ефективна судска заштита гарантирано со член 47 од Повелбата, кое претставува т.н. уставен стандард во правниот поредок на ЕУ. Истовремено, анализата се поставува во контекст на институционалниот баланс, како структурен принцип произлезен од член 13(2) ДЕУ[7], според кој секоја институција мора да постапува во рамки на своите надлежности. Дополнително, се разгледува поимот на „подготвителни акти" во управното право на ЕУ, развиен во судската пракса во рамки на член 263 ДФЕУ, според кој само актите што произведуваат обврзувачки правни последици можат да бидат предмет на директно оспорување.

Трудот се заснова врз доктринална анализа на судската пракса, со фокус на толкувањето на член 263 ДФЕУ во контекст на банкарската супервизија. Применет е компаративен пристап кон одлуките во случаите Бернис и останатите против ЕОР[8] (во понатамошниот текст: случај Бернис) и Малакалца Инвестиции и Виторио Малакалца против ЕЦБ[9] (во понатамошниот текст: случај Малакалца), со цел да се идентификуваат евентуални доктринарни поместувања. Придонесот на истражувањето се состои во појаснување на границите на судската контрола врз супервизорската дискреција на ЕЦБ и во оценка на тоа дали актуелната судска пракса воспоставува одржлив баланс меѓу финансиската стабилност и владеењето на правото.

ПРАВНА РАМКА

ЕСМ е воспоставен со Регулатива (ЕУ) бр. 1024/2013, донесена врз основа на член 127(6) ДФЕУ, со која на ЕЦБ ѝ се доверуваат специфични задачи во однос на пруденцијалниот надзор над кредитните институции во еврозоната. Регулативата воспоставува поделба на надлежности, каде ЕЦБ врши директен надзор над „значајните" кредитни институции, додека националните супервизорски органи постапуваат во однос на помалку значајните, под надзор и координација на ЕЦБ. Така, се развива модел на „директен" и „индиректен" надзор, при што ЕЦБ има одговорност за функционирањето на системот, што ѝ овозможува на ЕЦБ широка супервизорска дискреција, заснована врз техничка експертиза и процена на ризик.

Концептот *FOLTF* е уреден во член 18 од Регулатива (ЕУ) бр. 806/2014, според кој *FOLTF* е услов за почнување на резолуциска постапка и го претставува преминот од супервизорска кон резолуциска фаза. ЕЦБ, како надлежен супервизор, утврдува дали кредитната институција е во фаза на *FOLTF*, врз основа на утврдени критериуми (на пример, сериозен недостаток на капитал, неликвидност или неспособност за исполнување обврски). Оценката на ЕЦБ е како „тригер" за понатамошна институционална постапка пред ЕОР, но правната природа на *FOLTF* оценката е нејасна, односно не е јасно дали утврдената состојба од страна на ЕЦБ претставува самостоен правен акт со непосредни последици или дел од поширока административна процедура што кулминира со резолуциска одлука. Всушност, односот меѓу ЕЦБ и ЕОР се карактеризира со институционална одвоеност, но функционална поврзаност, затоа што механизмот функционира двостепено, и тоа: ЕЦБ ја утврдува состојбата на *FOLTF*, додека ЕОР одлучува дали се исполнети условите за преземање резолуциски мерки, водејќи се од јавниот интерес и принципот на минимизирање на системски ризик. Овој модел подразбира пренос на информации и координација, но истовремено отвора прашања во однос на распределбата на одговорноста и можноста за судска контрола врз поединечните фази од постапката.

Паралелно, во рамки на член 263 ДФЕУ, само актите што произведуваат обврзувачки правни последици можат да бидат предмет на тужба за поништување, од каде произлегува потребата за разграничување меѓу подготвителни акти и конечни одлуки, при што судската пракса традиционално ја исклучува можноста за директно оспорување мерки што се сметаат за интерни или подготвителни. Меѓутоа, во контекст на ЕСМ, суштинско е прашањето дали одредена супервизорска мерка има фактички „правен ефект", а ова е поврзано со начелото на судска заштита од член

7 Consolidated version of Treaty on European Union of 13 December 2007 OJ C 202, 7.6.2016 pp. 13-46 Art. 13 (2).

8 Bernis and Others v SRB, Case T-282/18, OJ C, C/2020/222, 14.05.2020.

9 Malacalza Investimenti and Malacalza v ECB, Case T-134/21, OJ C, C/2024/4460, 22.7.2024.

47 од Повелбата. Доколку одредени акти се квалификуваат како подготвителни, а сепак имаат правен ефект со директни последици, може да се појави „празен простор" во судската контрола, што ја засилува потребата од прецизно дефинирање на правната природа на актите.

СЛУЧАЈ БЕРНИС[10]

Овој случај произлегува од резолуција на банка во рамки на ЕБУ, во која ЕЦБ, како надлежен супервизор, утврдила дека институцијата е *FOLTF*. Врз основа на таа оценка, ЕОР усвоил резолуциска шема со која биле преземени мерки што влијаеле врз структурата на капиталот на банката. Акционерите ја оспориле правната валидност на дејствијата поврзани со *FOLTF* оценката, тврдејќи дека таа претставува акт што непосредно ја засега нивната правна позиција. Спорот се фокусира на прашањето дали ваквата оценка може да биде предмет на директна тужба, а дилемата е дали *FOLTF* оценката претставува акт што произведува обврзувачки правни последици и затоа може да се оспорува врз основа на член 263 ДФЕУ, па Судот требало да утврди дали станува збор за конечен акт што ја менува правната состојба на акционерите или за подготвителен акт во рамки на поширока административна постапка што кулминира со резолуциската одлука. Во овој контекст, применет е критериумот за „директна и индивидуална засегнатост", како услов за активна легитимација на приватни субјекти.

Судот ја квалификува *FOLTF* оценката како подготвителен акт, кој сам по себе не произведува обврзувачки правни последици врз акционерите, па според аргументацијата, конечните правни ефекти произлегуваат од резолуциската шема донесена од ЕОР, а не од самата супервизорска процена на ЕЦБ. Со ваквата одлука, Судот прави прецизно разграничување меѓу техничка процена во рамки на супервизорската функција и правно обврзувачка мерка што ја менува правната состојба на засегнатите лица. Како последица, евентуалната судска заштита може да се оствари само преку оспорување на конечната одлука за резолуција, а одлуката ја потврдува рестриктивната позиција на судската пракса во однос на активната легитимација.

Во овој случај, акционерите не се признати како директно и индивидуално засегнати од *FOLTF* оценката, со што се задржува високиот праг за пристап до суд во рамки на член 263 ДФЕУ. Ваквото одлучување го става акцентот врз институционалната функционалност и потребата од ефикасно спроведување на резолуциски мерки, особено во ситуации што бараат брза интервенција, но го отвора прашањето за постоење потенцијален јаз во судската заштита во раната фаза на постапката.

Ваквата одлука на Судот има системски последици, бидејќи ја зацврстува супервизорската дискреција на ЕЦБ и му дава приоритет на принципот на финансиска стабилност во рамки на ЕБУ, а истовремено ја ограничува можноста за судска контрола во почетната фаза од постапката. Оттука произлегува и поширокото прашање дали формалната квалификација на *FOLTF* како „подготвителен акт" ја минимизира неговата реална правна и институционална тежина, со оглед на тоа што токму таа процена претставува премин кон фактичка интервенција, односно резолуција.

СЛУЧАЈ МАЛАКАЛЦА[11]

Случајот произлегува од супервизорска интервенција на ЕЦБ во рамки на ЕСМ. За разлика од класичен *FOLTF* случај што води кон резолуција, во овој случај станува збор за одлука со која банката е ставена под привремена администрација, што претставува мерка со која се менува управувачката структура. Тужбата е поднесена од страна на малцински акционери, кои тврделе дека ваквата интервенција директно ги нарушува нивните управувачки и имотни права, особено правото на учество во корпоративното управување. Овој случај се разликува од претходниот по тоа што

10 Supra note 8.

11 Supra note 11.

мерката не претставува техничка оценка, туку непосредна супервизорска одлука што има директно влијание врз внатрешната структура на банката, а прашањето е дали одлуката за привремена администрација претставува акт што произведува директни правни последици и дали акционерите можат да се сметаат за „директно и индивидуално засегнати" во смисла на член 263 ДФЕУ.

Во случајов, Судот прави разграничување меѓу подготвителен акт, кој не подлежи на директно оспорување, наспроти акт со непосреден правен ефект што ја менува положбата на засегнатите лица. Во оваа анализа важно е дали правната и формалната квалификација на мерката се доволни за постапување или треба да се утврди и фактичкиот ефект. Така, во случајов, Судот пристапува кон испитување и на правните и на фактичките последици од супервизорската мерка, при што заклучува дека ставањето на банката под привремена администрација директно ја менува управувачката структура, со што се ограничуваат правата на акционерите во однос на изборот и контролата на органите на управување. За разлика од формалистичкиот пристап во случајот Бернис, овде Судот препознава дека мерката има фактички и непосреден ефект врз правната позиција на акционерите, со што има оддалечување од строга формална квалификација и се става акцент на фактичките ефекти на актот.

Во аргументацијата на Судот е потенцирано значењето на ефективната судска заштита како уставен принцип на правниот поредок на ЕУ, а истовремено одлуката сигнализира поместување од формална класификација кон анализа заснована врз суштински правен ефект, каде Судот покажува подготвеност да го намали прагот за утврдување директна засегнатост кога супервизорските мерки имаат конкретно влијание врз правата на акционерите. Ваквиот пристап укажува на потребата од балансирање меѓу супервизорската дискреција на ЕЦБ и правото на пристап до суд, а наместо апсолутна заштита на институционалната самостојност се воспоставува модел на контролирана дискреција.

Со признавањето на активна легитимација на малцинските акционери, Судот отвора простор за директно оспорување на одредени супервизорски мерки на ЕЦБ, што доведува до јакнење на начелото на владеење на правото во рамки на ЕСМ и ограничување на т.н. „заштитен ѕид" околу супервизорските акти. Така, од една страна, оваа одлука не претставува целосен пресврт во однос на *FOLTF*, но од друга, таа создава основа за пошироко толкување на поимот „директна и индивидуална засегнатост", особено кога супервизорските мерки имаат конкретни и непосредни последици врз сопственичката и управувачката структура на институцијата.

КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРЕСУДИТЕ

Компаративната анализа меѓу двата судски случаја покажува разлика во правната квалификација на супервизорските акти. Во првиот случај, Судот зазема формалистички пристап, квалификувајќи ја *FOLTF* оценката како подготвителен акт без самостојни правни последици, затоа што фокусот е ставен врз формалната структура на постапката и врз фактот дека конечниот правен ефект произлегува од резолуциската одлука на ЕОР. Во вториот случај, пак, Судот применува т.н. *effect-based* пристап, анализирајќи ги конкретните правни и фактички последици од мерката, а наместо формална класификација, Судот испитал дали одлуката реално ја менува правната положба на акционерите. Оттука, прашањето е дали овие пресуди се контрадикторни или претставуваат постепена доктринарна еволуција?

Разликата првично може да се објасни со различниот вид мерки, па така, *FOLTF* е иницијален чекор во поширокаата резолуциска процедура, додека привременаата администрација директно ја менува управувачката структура. Сепак, двете одлуки укажуваат на постепено позиционирање на Судот како контролен механизам што ја ограничува, но не и негира супервизорската дискреција. Од ова произлегува дека финансиската стабилност претставува системска вредност на правниот поредок на ЕУ, но и суштинска цел на ЕБУ. Од една страна се дава приоритет на институционалната функционалност и се избегнува можност за парализирање на постапките преку рани тужби, а од друга се избегнува ризикот од институционален „имунитет" на ЕЦБ, признавајќи дека одредени

мерки имаат директно влијание врз правата. Оттука, може да се заклучи дека станува збор за обид за воспоставување функционален баланс со што ќе се спречи прекумерна судска интервенција, но истовремено ќе се обезбеди судска контрола кога правните последици се непосредни.

Одлуката во случајот Бернис ја зацврстува супервизорската дискреција, а одлуката во случајот Малакалца ја засилува одговорноста на ЕЦБ пред судовите, што потенцијално може да има ефект и врз односот меѓу ЕЦБ и ЕОР, особено во однос на распределбата на одговорноста и можноста за оспорување на поединечни фази од постапката, при што се отвора простор за повеќе директни тужби против одредени супервизорски мерки, што може да доведе до поголема претпазливост во нивното формулирање. Истовремено, се поставува прашањето за правна сигурност и предвидливост во насока дали променетиот пристап ќе доведе до појасни критериуми или до поголема неизвесност во оценката што е оспорливо. На системско ниво, пак, овие одлуки придонесуваат за јакнење на "уставната димензија" на ЕСМ, затоа што судската контрола се афирмира како составен дел од институционалниот баланс утврден со Договорите. Понатаму, постои можност да се развие поизострено разбирање на поимот „подготвителен акт", засновано врз фактичкиот правен ефект, а не исклучиво врз формалната структура на постапката, што може да има импликации и за идни *FOLTF* оценки, особено ако се утврди дека во одредени околности имаат непосредни последици. Во одлуките се наѕира и модел на „контролирана дискреција", во кој ЕЦБ задржува широка техничка самостојност но под услов на потенцијална судска контрола кога правата на поединците се директно засегнати.

Анализата упатува на заклучок дека не се работи за пресврт, туку ограничена еволуција во судската пракса затоа што Судот не воспоставува двоен стандард, туку постепено развива нов критериум каде фактичкиот правен ефект служи како тест за оспорливост, со што се редефинира односот меѓу супервизорската самостојност и правото на судска заштита.

ЗАКЛУЧОК

Овие два случаја покажуваат дека судската пракса на Судот не е контрадикторна, туку еволутивна. Во случајот Бернис, Судот усвојува рестриктивен и формалистички пристап, квалификувајќи ја *FOLTF* оценката како подготвителен акт без самостојни правни последици, со што го задржа високиот праг за активна легитимација согласно член 263 ДФЕУ. Наспроти тоа, во случајот Малакалца се забележува поместување кон анализа заснована врз реалниот правен ефект на мерката, при што Судот утврдува дека одредени супервизорски интервенции можат директно да ја засегнат правната положба на акционерите.

Судската пракса укажува на јакнење на начелото на ефективна судска заштита, гарантирано со член 47 од Повелбата, но без напуштање на почитта кон супервизорската дискреција на ЕЦБ. Судот се позиционира како коректив механизам што обезбедува институционален баланс, а не како замена за техничката процена на супервизорот, со што се развива модел на „контролирана дискреција", во кој самостојноста на ЕЦБ е ограничена со можност за судска контрола кога правните последици се непосредни и конкретни.

Сепак, остануваат две отворени прашања, и тоа: дали во иднина *FOLTF* оценките ќе бидат предмет на поширока судска контрола, каде точно се наоѓа границата меѓу подготвителен и конечен акт и дали зголемениот пристап до суд ќе влијае врз брзината и ефикасноста на интервенциите во кризни ситуации. Дополнително, потребно е прецизно појаснување на критериумите за утврдување „директна засегнатост" со цел да се обезбеди правна сигурност. Во поширока перспектива, ЕБУ влегува во фаза на зрелост, во која судската контрола станува интегрален дел од институционалниот баланс каде финансиската стабилност и владеењето на правото не се спротивставени принципи, туку меѓузависни столбови на европската правна и економска архитектура.

(Авторката е докторанд на Правен факултет при Универзитетот во Белград, научна област Економска анализа на право, микроекономија и макроекономија)

ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КАКО ЧОВЕКОВО ПРАВО

Заштитата на личните податоци претставува суштински елемент на современото демократско општество. Само преку постоење на јасна правна рамка, ефективни институционални механизми и високо ниво на свест кај граѓаните може да се обезбеди вистинска заштита на приватноста и достоинството на поединецот. Во иднина, развојот на технологијата ќе продолжи да поставува нови предизвици, поради што заштитата на личните податоци ќе стане една од најзначајните теми во областа на човековите права и правната наука

МАГДАЛЕНА ИЛИЕВСКА

АПСТРАКТ

Заштитата на личните податоци претставува едно од најзначајните човекови права во современото дигитално општество. Со развојот на информациските технологии, обработката и размената на лични податоци станува сè поинтензивна, што ја зголемува потребата од ефективна правна заштита на приватноста на поединецот. Личните податоци ја опфаќаат секоја информација која се однесува на идентификувано или идентификувачко физичко лице, како што се име и презиме, адреса, телефонски број, електронска адреса, здравствени податоци или други информации преку кои може директно или индиректно да се утврди идентитетот на едно лице.

Во современите демократски општества, заштитата на личните податоци е тесно поврзана со правото на приватност и достоинство на човекот. Ова право е признаено во бројни меѓународни и регионални правни документи, како и во националните законодавства. Во Република Северна Македонија заштитата на личните податоци е уредена со Уставот и со Законот за заштита на личните податоци, кој е усогласен со европските стандарди, особено со General Data Protection Regulation (GDPR).

Целта на овој труд е да ја анализира заштитата на личните податоци како човеково право, нејзината правна природа, нормативната рамка и проблемите со кои се соочува ова право во услови на современо дигитално општество.

Клучни зборови: лични податоци, приватност, човекови права, дигитално општество, GDPR.

ВОВЕД

Во современото општество информациите претставуваат значаен ресурс, а личните податоци се дел од најчувствителните категории на информации. Развојот на дигиталните технологии, интернетот и различните електронски услуги овозможи масовно собирање, обработка и складирање на лични податоци. Овој процес носи бројни придобивки, но истовремено создава и сериозни ризици за приватноста на поединецот.

Личните податоци претставуваат секоја информација која се однесува на идентификувано или идентификувачко физичко лице. Тоа може да биде име и презиме, адреса, електронска пошта, телефонски број, фотографија, матичен број, здравствени податоци или други информации преку кои може да се утврди идентитетот на едно лице.[1]

Зголемената употреба на дигитални технологии доведе до потреба од создавање на ефективни механизми за заштита на личните податоци. Во таа насока, заштитата на личните податоци постепено се разви како посебна правна област која има за цел да го заштити поединецот од злоупотреба на неговите лични информации. Судската практика на Европскиот суд за човекови права, исто така, потврдува дека заштитата на личните податоци претставува составен дел од правото на приватност гарантирано со член 8 од Европската конвенција за човекови права.[2]

1 General Data Protection Regulation, 2016 / https://gdpr-info.eu/.

2 Council of Europe, European Convention on Human Rights ETS No.5, 1950, *https://www.echr.coe.int/documents/d/echr/convention_MKD*.

1. ПРАВОТО НА ПРИВАТНОСТ КАКО ОСНОВА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Правото на приватност претставува едно од фундаменталните човекови права. Ова право е признато во повеќе меѓународни документи, меѓу кои се Универзалната декларација за човекови права и Европската конвенција за човекови права.

Според член 8 од Европската конвенција за човекови права, секое лице има право на почитување на неговиот приватен и семеен живот, домот и кореспонденцијата. Ова право подразбира дека државата мора да се воздржи од неоправдано мешање во приватниот живот на поединецот, но истовремено има обврска да обезбеди механизми за заштита на ова право. Со текот на времето, концептот на приватност се прошири и почна да опфаќа и заштита на личните податоци. Во современото дигитално општество, личните информации претставуваат важен аспект на приватниот живот на поединецот, поради што нивната заштита е неопходна.

2. МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА РАМКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

На меѓународно ниво, заштитата на личните податоци е регулирана преку повеќе правни инструменти. Еден од најзначајните документи во оваа област е Конвенцијата 108 на Советот на Европа за заштита на лицата во однос на автоматската обработка на личните податоци.[3] Оваа конвенција воспоставува основни принципи за обработка на личните податоци, како што се законитост на обработката, пропорционалност, точност на податоците и безбедност на информациите.

Покрај тоа, Европската унија има воспоставено сеопфатен систем на правила за заштита на личните податоци преку Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR). Оваа регулатива претставува еден од најнапредните правни инструменти во светот во областа на заштитата на податоците.

3. ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Современите правни системи утврдуваат неколку основни принципи кои мора да се почитуваат при обработка на личните податоци.

Првиот принцип е принципот на законитост, правичност и транспарентност. Ова значи дека личните податоци мора да се обработуваат на законит и транспарентен начин, а лицето на кое се однесуваат мора да биде информирано за целта на обработката. Вториот принцип е принципот на ограничување на целта. Податоците може да се собираат само за конкретни и јасно утврдени цели и не смеат да се користат за други цели. Третиот принцип е принципот на минимизација на податоците. Овој принцип подразбира дека треба да се собираат само оние податоци кои се неопходни за постигнување на конкретната цел.

Други важни принципи се точноста на податоците, ограничувањето на периодот на нивно чување и обезбедувањето на соодветна безбедност и доверливост.

3 European Data Protection Supervisor, Council of Europe Convention No. 108 on data protection *https://www.edps.europa.eu/data-protection/our-work/publications/legislation/council-europe-convention-no-108-data-protection_en*.

4. ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во Република Северна Македонија заштитата на личните податоци е регулирана со Уставот, кој ја гарантира неповредливоста на личниот и семејниот живот на граѓаните.[4] Покрај уставните гаранции, оваа област е регулирана и со Законот за заштита на личните податоци.[5] Законот е донесен со цел за усогласување на националното законодавство со европските стандарди и со регулативата GDPR.

Законот ги утврдува правата на субјектите на личните податоци, како што се: правото на пристап до сопствените податоци, правото на исправка на неточни податоци, правото на бришење на податоците, правото на ограничување на обработката на податоците и правото на приговор. Надзорот над примената на законот го врши Агенцијата за заштита на личните податоци, која има задача да ја следи законитоста на обработката на податоците и да ги штити правата на граѓаните.

5. ПРОБЛЕМИ ВО ЗАШТИТАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

И покрај постоењето на развиена правна рамка, заштитата на личните податоци се соочува со бројни проблеми. Брзиот развој на технологијата создава нови форми на обработка на податоците, кои често ги надминуваат постојните правни механизми. Социјалните мрежи, интернет платформите и различните дигитални услуги собираат огромни количини на податоци за корисниците. Овие податоци често се користат за комерцијални цели, како што се таргетирано рекламирање и анализа на корисничкото однесување.

Дополнително, развојот на технологии како што се вештачката интелигенција и машинското учење создава нови ризици за приватноста. Овие технологии овозможуваат анализа на големи количини на податоци и извлекување на информации кои можат да откријат чувствителни аспекти од животот на поединецот.

ЗАКЛУЧОК

Заштитата на личните податоци претставува еден од клучните аспекти на современиот систем на човекови права. Во услови на брза дигитална трансформација, личните податоци стануваат значаен ресурс, кој се користи во различни сфери на општествениот живот, како што се економијата, администрацијата, здравството и комуникацијата. Оваа реалност создава нови можности за развој и унапредување на општеството, но истовремено носи и сериозни ризици за приватноста и автономијата на поединецот.

Правото на заштита на личните податоци произлегува од поширокото право на приватност, кое е признато како фундаментално човеково право во бројни меѓународни и регионални документи. Во таа насока, меѓународните стандарди и европската правна рамка поставуваат јасни принципи и механизми за обезбедување на соодветна заштита на личните податоци. Особено значајна улога имаат современите регулативи и конвенции кои ги утврдуваат условите под кои личните податоци може да се собираат, обработуваат и користат, како и правата на лицата на кои тие податоци се однесуваат.

---

4 Устав на РМ, Службен весник бр.52/1991 со амандмани, *https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf*.

5 Закон за заштита на личните податоци, Службен весник на РСМ бр.42/2020, 294/2021 и 101/2025.

Во Република Северна Македонија, заштитата на личните податоци е регулирана преку уставни и законски гаранции, со што се обезбедува усогласеност со европските стандарди и принципи. Донесувањето на современо законодавство во оваа област претставува значаен чекор кон унапредување на правната сигурност и заштита на човековите права. Сепак, ефективната примена на овие правила бара континуирано унапредување на институционалните механизми, како и зајакнување на улогата на надзорните органи.

Покрај правната регулатива, значајна улога во заштитата на личните податоци има и подигнувањето на свеста кај граѓаните и институциите. Во современото дигитално општество, поединците секојдневно споделуваат голем број лични информации преку интернет и социјалните мрежи, често без да бидат свесни за можните ризици и последици. Поради тоа, едукацијата и информирањето на јавноста претставуваат важен елемент во процесот на заштита на личните податоци.

Дополнително, развојот на нови технологии како што се вештачката интелигенција, големите бази на податоци и дигиталните платформи создава нови предизвици за правните системи. Овие технологии овозможуваат обработка на огромни количини на информации, што може да доведе до нови форми на нарушување на приватноста и злоупотреба на личните податоци. Во такви услови, неопходно е правната регулатива постојано да се приспособува на технолошките промени и да обезбеди ефективна заштита на основните човекови права. Имајќи го предвид сето наведено, може да се заклучи дека заштитата на личните податоци претставува суштински елемент на современото демократско општество. Само преку постоење на јасна правна рамка, ефективни институционални механизми и високо ниво на свест кај граѓаните може да се обезбеди вистинска заштита на приватноста и достоинството на поединецот. Во иднина, развојот на технологијата ќе продолжи да поставува нови предизвици, поради што заштитата на личните податоци ќе стане една од најзначајните теми во областа на човековите права и правната наука.

(Авторката е магистер по право од областа на казнено право)

КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ПРИ АВТОНОМНИ САЈБЕР НАПАДИ: ПРЕДИЗВИЦИ ВО ОДНОС НА ДОКАЖУВАЊЕ НА ВИНА, АТРИБУЦИЈА И ПРЕДВИДЛИВОСТ

Ефективното регулирање на автономните сајбер дејствувања бара интердисциплинарен приод, кој ќе ги интегрира технолошките, етичките и правните аспекти, со цел создавање на правен систем кој ќе одговара на современите реалности, враќајќи ја рамнотежата меѓу заштитата на јавниот интерес и почитувањето на правата и слободите на поединецот. Само преку ваков умерен и интегриран пристап може да се обезбеди правична и законита примена на кривичната одговорност во ерата на автономните технологии.

КАТЕРИНА ПАНЕВА

АПСТРАКТ

Развојот на автономните и автоматизирани технолошки системи во областа на сајбер просторот ја менуваат динамиката на извршување на кривични дела, поставувајќи сериозни предизвици пред традиционалните правни концепти на кривична одговорност. Современите форми на сајбер криминал, како што се ботнети, самораспространувачки малициозен софтвер и однапред програмирани алатки за напад, ја слабеат директната врска меѓу намерата на сторителот и штетната последица, со што се доведува во прашање класичниот модел на actus reus и mens rea.

Еден од главните предизвици е дали постојните концепти на кривична одговорност и вина можат соодветно да се применат во контекст на зголемена технолошка автономија. Во таа насока, главните прашања на кои се осврнува овој труд се дали кривичните дела сторени со помош на автономни сајбер системи претставуваат прекин со постојното кривично право или еволутивен континуитет на автоматизирани форми на дејствување? Дали и покрај технолошките новини, кривичната одговорност останува применлива под услов да се почитуваат стандардите на законитост и разумна предвидливост? Дали се потребни хибридни модели на одговорност? Каков пристап треба да се примени за развивање на функционален и правично одмерен систем на кривична одговорност, кој ќе одговори на современите предизвици на сајбер безбедноста и автономните технологии?

Клучни зборови: автономни системи, сајбер криминал, кривична одговорност, атрибуција, actus reus, mens rea, член 7

ВОВЕД

Технолошкиот развој фундаментално ја трансформираше природата не само на конвенционалните форми на криминал, туку и на сајбер криминалот, префрлајќи се од директно човечко дејствување кон автоматизирано и полуавтономно однесување. Кривичните дела во сајбер просторот сè почесто вклучуваат напредни алатки, како што се ботнет мрежи, самораспростанувачки малициозен софтвер и однапред програмирани алатки за напад, коишто се способни за извршување на инкриминирани дејствија без континуирана човечка интервенција. Појавата на понапредни автономни системи дополнително ја слабее причинско-последичната врска од кривично - правен аспект меѓу намерата на сторителот и последицата.

Ваквиот развој поведува централна правна дилема: До кој степен поединецот може да сноси кривична одговорност за дејствија извршени, барем делумно, од автономни системи?

Трудот има за цел да покаже дека автономното сајбер дејствување претставува предизвик за традиционалните концепти на кривична одговорност, во делот на докажување на врската меѓу дејствијата и намерата на сторителот, но дека нивната примена останува можна доколку се толкуваат во согласност со стандардите за човекови права. Притоа, прекумерното проширување на одговорноста носи ризик од повреда на принципите на законитост и предвидливост.

1. MENS REA КАКО ДЕЛ ОД ТРАДИЦИОНАЛНИОТ КОНЦЕПТ НА КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ

Кривичната одговорност во континенталните правни системи традиционално се темели на постоењето на *actus reus*, кој подразбира конкретно дејствие или негово пропуштање коешто е забрането со закон, и *mens rea*, односно субјективниот однос на сторителот кон делото, кој опфаќа намера или свесност за ризикот од неговото извршување. Овие елементи претпоставуваат

човечко дејствување, контрола и намера, и го одразуваат принципот на индивидуална одговорност како темелно начело на кривичното право.

Ова е инкорпорирано и во членот 11, став 1 од Кривичниот законик на Република Северна Македонија, согласно кој „кривично е одговорен сторителот кој е пресметлив и што кривичното дело го сторил со умисла или од небрежност и притоа бил свесен или бил должен и можел да биде свесен за забранетоста на делото".[1] Оваа законска одредба го реафирмира значењето на субјективниот однос на сторителот кон кривичното дело како еден од неопходните предуслови за утврдување на кривична одговорност.

Субјективната одговорност подразбира дека за да може да постои кривична одговорност, потребно е да постои mens rea, односно вина кај сторителот, која може да се јави како умисла (директна или евентуална) или небрежност. Ова значи дека не е доволно само објективно да се изврши дејствие, туку е потребна и психичка врска на сторителот со делото. Умислата подразбира дека сторителот бил свесен за своето дело и го сакал неговото извршување или бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но се согласил со нејзиното настапување.[2] Од друга страна, „кривично дело е сторено од небрежност кога сторителот бил свесен дека поради неговото сторување или несторување може да настапи штетна последица, но лекомислено сметал дека ќе може да ја спречи или дека таа нема да настапи или кога не бил свесен за можноста од настапување на штетна последица, иако според околностите и според своите лични својства бил должен и можел да биде свесен за таа можност."[3]

Меѓутоа, ваквото традиционално сфаќање на концептот на вина како еден од елементите на кривичната одговорност, почива на претпоставката за постоење субјективен однос на сторителот кон делото, изразена преку непосредна и континуирана врска меѓу човечкото дејствување и штетната последица, како ефективна контрола на сторителот врз текот на извршувањето на делото. Таквата претпоставка е доведена во прашање во услови на современиот сајбер криминал, каде што штетните последици можат да произлезат од автоматизирани или однапред програмирани системи кои во моментот на извршување на делото функционираат без непосредна човечка интервенција. Однесувањето на овие системи не секогаш е целосно предвидливо и крајниот резултат не секогаш соодветствува со намерата на сторителот, односно сторителот не секогаш може да биде свесен за последицата.

Оттука, произлегува основното прашање: дали традиционалните елементи на *actus reus* и *mens rea* можат соодветно да се применат во ситуации каде што контролата врз дејствието е делумно или целосно делегирана на технолошки системи и кој е субјект на кривична одговорност при автономни сајбер напади.

2. КРИВИЧНАТА ОДГОВОРНОСТ НИЗ ПРИЗМАТА НА ЧЛЕНОТ 7 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Согласно членот 7 од Европската конвенција за човекови права, „никој не може да биде осуден за дело сторено со чинење или нечинење кое според внатрешното или меѓународното право, во моментот на извршувањето, не претставувало кривично дело" и „изречената казна не може да биде потешка од онаа што се применувала во моментот на извршувањето на кривичното дело"[4]. Овој член се темели врз три главни принципи - принципот на законитост или *nulla poena sine lege*, принципот на достапност и принципот на предвидливост.

---

1 Кривичен законик на Република Северна Македонија (1996), член 11 став 1.

2 Ibid, член 13.

3 Ibid, член 14.

4 Европска конвенција за човекови права, чл. 7.

Принципот на индивидуална или лична одговорност го исклучува концептот на објективната кривична одговорност и претставува значајна гаранција за заштита од произволно санкционирање. Овој принцип е тесно поврзан со барањето за предвидливост утврдено во член 7 од Европската конвенција за човекови права, согласно кој кривичните норми мора да бидат доволно јасни и прецизни за поединецот, обезбедувајќи му разумна предвидливост на правните последици од неговите постапки.[5] Предвидливоста има објективна компонента согласно која законот мора да биде достапен, доволно прецизен и предвидлив во примената, како и субјективна димензија, односно дали поединецот можел разумно да знае дека неговото однесување е законски недозволиво. Во таа насока, иако членот 7 недвосмислено не ја регулира вината како елемент на кривичното дело, нејзината примена воведува функционален еквивалент на субјективна предвидливост, како суштински елемент на принципот на законитост.

Во контекст на автономни сајбер напади, овој стандард се применува на двојно ниво. Прво, потребно е самата инкриминација да биде доволно јасна за да му овозможи на поединецот да разбере дека одредено однесување претставува кривично дело. Второ, и подеднакво важно, потребно е сторителот разумно да може да ги предвиди конкретните последици од функционирањето на системот.

3. АВТОМАТИЗИРАНО И ПОЛУАВТОНОМНО САЈБЕР ДЕЈСТВУВАЊЕ

Предизвиците поврзани со автономните системи не претставуваат сосема нов феномен во рамките на сајбер криминалот. Веќе постојат форми на дејствување со висок степен на автоматизација, како што се самораспространувачкиот малициозен софтвер, ботнетите и однапред програмираните алатки за напад. Овие технологии, иако не се во целост автономни, во современата технолошка смисла, ги содржат основните карактеристики на автоматизирано дејствување без директна контрола во моментот на активноста.

Во овој труд, под поимот „автономни системи“ се подразбираат технолошки решенија кои, по нивното иницијално активирање или поставување од страна на човек, можат самостојно да извршуваат активности без понатамошна директна човечка интервенција. Тоа не значи дека системот има свест или намера, туку дека функционира врз основа на однапред дефинирани алгоритми, правила или услови, при што, во зависност од нивната сложеност, нивното однесување може да биде целосно предвидливо или, напротив, делумно непредвидливо. Со други зборови, станува збор за програмско дејствување кое продолжува да „работи автономно“ по иницијалната поставка, со потенцијално неизвесни ефекти.

Кога ваквите системи се користат за сајбер напади, тие произведуваат штетни последици кои може да се реализираат без непосредна директна човечка контрола во моментот на нивното настанување. Сепак, кривичната одговорност традиционално се утврдува врз основа на претходното дејствување и активности на сторителот, како што е програмирањето, поставувањето или активирањето на системот. Тоа значи дека правото сè уште ја задржува врската со човечкиот фактор, дури и кога извршувањето на штетните дејствија е технички автоматизирано.

Ова упатува на заклучок дека автономните сајбер напади претставуваат континуитет во рамките на постојните форми на криминално однесување, а не нивна суштинска трансформација. Сепак, зголеменото ниво на автономија на овие системи го интензивира проблемот на контролата и предвидливоста, особено во ситуации кога однесувањето на системот не може целосно да се предвиди во моментот на неговото активирање. Како илустрација, ботнет може да биде конфигуриран да изврши напад врз одредена цел, но начините и интензитетот на негово ширење и активност може да ги надминат првичните очекувања на лицето кое го создало или активирало.

Во вакви случаи, кривичната одговорност се оценува преку класичните форми на вина, умисла и небрежност, во корелација со предвидливоста и степенот на контрола. Умислата постои кога

5 *Kokkinakis v Greece* App.no.14307/88 (ECHR 25 May 1993).

сторителот свесно го користи или активира ботнетот прифаќајќи ја можноста од потешки последици, како напади врз критична инфраструктура. Небрежноста се манифестира кога сторителот бил или морал да биде свесен за ризиците од ескалација, но не презел разумни мерки за нивно спречување. Клучно е дали последиците биле разумно предвидливи и дали постоела ефективна контрола врз системот. Оттука, кривичната одговорност зависи од тоа дали постои доволна причинска и субјективна врска меѓу дејствувањето на сторителот и настанатата последица, како и од степенот на неговата реална можност да го контролира и предвиди текот на извршувањето на делото.

4. АТРИБУЦИЈА И ГРАНИЦИ НА КРИВИЧНАТА ОДГОВОРНОСТ ВО УСЛОВИ НА НАМАЛЕНА КОНТРОЛА И ПРЕДВИДЛИВОСТ

Зголемената автономија на технолошките системи значително ја усложнува класичната конструкција на атрибуцијата на кривичната одговорност, а имајќи во вид дека штетните последици повеќе не произлегуваат исклучиво од директно човечко дејствување, туку од интеракција меѓу сторителот и технолошкиот систем, при што контролата врз извршувањето може да биде делумно или целосно намалена. Поради тоа, кривичната одговорност во пракса може да биде распределена меѓу повеќе субјекти: програмери, крајни корисници, администратори на системи, па дури и трети лица кои овозможуваат инфраструктурна поддршка.

Клучното прашање е дали во конкретниот случај постои доволен степен на фактичка и правна контрола врз системот за да се утврди вина, а со тоа и индивидуална кривична одговорност. Доколку контролата е значително намалена, врската меѓу сторителот и штетната последица станува правно и каузално ослабена, што отвора ризик од пренесување на кривичната одговорност врз основа на последица, наместо на вина.

Што ако програмерот имал намера да развие систем на вештачка интелигенција, но немал намера за извршување на конкретен автономен сајбер напад? Или ако корисникот имал намера само да го активира системот, но не можел да ги предвиди последиците од тоа? Можеле ли тие да бидат свесни за последиците од своите дејствија, имајќи предвид дека автономните системи не се во целост предвидливи? Дури и кога би се применила строга одговорност, на кого би се применила? Токму тука доаѓа до израз нормативниот елемент на вината: дали разумен програмер или оператор, во истите околности, би ги предвидел ризиците од автономното функционирање на системот. Ова бара интензивна и прецизна процена на фактичките околности и намерата на потенцијалниот сторител.

Во теоријата се разликуваат неколку вообичаени модели на атрибуција во контекст на автоматизираните системи, и тоа:

- одговорност на дизајнерот или програмерот, кога системот е намерно конструиран со штетна функција или со предвидлив ризик;
- одговорност на корисникот или операторот, кога системот се користи спротивно на неговата намена или без соодветна контрола;
- корпоративна одговорност, кога штетата произлегува од организациски пропусти или недоволни безбедносни стандарди.[6]

Овој пристап е во согласност и со современата доктрина која укажува дека кај автономните системи мора да се применат „хибридни модели на одговорност“, кои комбинираат класична одговорност со елементи на должно внимание и контрола на ризикот.[7]

---

6 Jaap Hage, 'Theoretical Foundations for the Responsibility of Autonomous Agents' (2017) 25 *Artificial Intelligence and Law* 255.

7 Francesca Lagioia and Giovanni Sartor, 'AI Systems Under Criminal Law: A Legal Analysis and a Regulatory Perspective' (2020) 33 *Philosophy and Technology* 433.

Во пракса, ова би значело дека програмер кој создава алатка за тестирање на мрежна безбедност може да не биде одговорен за нејзина злоупотреба од страна на трето лице, доколку таа била употребена надвор од првичната намена и без негова контрола. Спротивно на тоа, корисник кој свесно активира ботнет за извршување на DDoS напад ќе сноси директна кривична одговорност, бидејќи постои јасна намера и контрола врз дејствието. Во однос на администраторите на сервери кои овозможуваат инфраструктура за малициозни активности без знаење за нивната конкретна употреба, прашањето за кривична одговорност зависи од степенот на свесност и пропуст на должно внимание.

Од аспект на човековите права, ваквото проширување на кривичната одговорност мора да биде строго ограничено со принципот на законитост и предвидливост. Во контекст на членот 7 од Европската конвенција за човекови права, кривичните норми не смеат да се толкуваат на начин кој суштински го проширува нивниот опфат надвор од разумно предвидливите граници. Во таа насока, членот 7 забранува не само ретроактивна примена на кривичното право, туку и екстензивно или аналогно толкување на кривичните норми на штета на обвинетиот. Во спротивно, би се нарушил балансот меѓу ефективната кривична заштита и забраната за произволно санкционирање.

Судската пракса препознава дека кривичното право, како динамична правна гранка, може да се надградува и преку толкување од страна на судовите. Меѓутоа, таквиот развој мора да биде разумно предвидлив од аспект на просечниот правен субјект. Во тој контекст, како што утврдил и Европскиот суд за човекови права во случајот *S.W. v United Kingdom,* евентуалните нови толкувања или проширувања на кривичната одговорност не смеат да бидат поистоветени со ретроактивно воведување или проширување на казнените мерки, бидејќи тоа би создало сериозни нарушувања на правната сигурност и стабилност на правниот поредок.[8]

Поаѓајќи од овие согледувања, предвидливоста претставува основен и неизоставен критериум во воспоставувањето на кривичната одговорност, како дел од поширокиот принцип на законитост. Таа се однесува на способноста на поединецот рационално и свесно да го усогласи своето однесување со одредбите на позитивното право, односно со нормите кои го дефинираат кривичното дејствие и воедно да го предвиди карактерот и последиците од своите постапки и да ја задржи контролата врз нив. Во примерот со автономниот автомобил кој предизвикал сообраќајна несреќа поради техничка грешка или неочекувано однесување на самиот систем, причинско-последичната врска меѓу субјективниот елемент изразен преку намерата на сторителот и штетната последица станува нејасна.

Автономијата на системите дополнително го усложнува прашањето за вина преку намалување на директната контрола на сторителот врз конкретното дејствие. Доколку алгоритмот учи и се развива на начин што не бил целосно контролиран или предвидлив за неговиот креатор, се поставува прашањето дали може да се утврди доволно ниво на субјективна поврзаност. Во такви случаи, кривичната одговорност би можела да се заснова на пропуст, на недоволно тестирање, непоставување безбедносни ограничувања или свесно игнорирање на познати ризици.

Доколку сторителот свесно ги игнорира познатите ризици или не ги имплементирал стандардните безбедносни механизми, неговата вина може да се утврди во форма на небрежност или евентуална умисла. Но, доколку штетата произлегува од навистина непредвидлива еволуција на системот, примената на кривично право би можела да влезе во судир со член 7, бидејќи сторителот не би можел разумно да предвиди дека неговото однесување ќе резултира со конкретно кривично дело.

Во синергија со стандардите на член 7, ова води кон модел на одговорност во кој кривичната санкција е оправдана само тогаш кога постои доволно јасна норма, разумна предвидливост на последиците и реална можност сторителот да постапи поинаку, односно кога е исполнет целосниот концепт на вина како основа на кривичната одговорност.

---

8 *S.W. v United Kingdom* App.no 20166/92 (ECHR 22 November 1995).

Во таа насока, потребно е да се воспостават граници кои ќе го намалат ризикот од прекумерно проширување на кривичната одговорност, нешто што би можело да доведе до неправедно санкционирање на лица кои *de facto* немале контролна моќ и не можеле да го предвидат однесувањето на автономниот систем, ниту пак биле свесни или можеле да бидат свесни за последиците. Истовремено, овие граници треба да овозможат соодветна заштита на јавниот интерес и безбедноста, особено преку утврдување на одговорност за креаторите, операторите и сите оние кои имаат надлежност и влијание врз функционирањето на овие технологии.[9]

Ваквите проблеми во современото кривично право бараат интердисциплинарен пристап, комбинирајќи технички знаења, етички принципи и правни норми, како би се изградил функционален и правичен систем на кривична одговорност кој ќе одговара на технолошкиот развој и комплексноста на автономните системи.[10]

ЗАКЛУЧОК

Автономните сајбер напади и другите форми на криминални активности кои се базираат на автономни системи претставуваат еволутивен и комплексен феномен во развојот на современото кривично право и носат значајни предизвици за традиционалните концепти на кривична одговорност, особено во однос на утврдувањето на врската меѓу намерата на сторителот и последиците од дејствувањето. Во услови кога кривичните дела делумно или целосно се извршуваат преку автоматизирани или полуавтономни системи, принципот на индивидуална одговорност и класичните елементи на *actus reus* и *mens rea* мораат да се преиспитаат и приспособат, со особено внимание на ограничувањата во контролата и предвидливоста на овие технологии.

Примената на членот 7 од Европската конвенција за човекови права нагласува потребата од строго почитување на принципите на законитост, предвидливост и достапност на кривичните норми, со цел да се избегне прекумерно проширување на кривичната одговорност кое би можело да резултира во неправедно санкционирање на лица кои немале реална контрола или не можеле да ги предвидат последиците од автономното функционирање на системот.

Во пракса, ова налага воспоставување на хибридни модели на одговорност кои ќе комбинираат пристапи базирани на вина и пропуст, со внимателна процена на улогата и степенот на контрола на различните субјекти (програмери, оператори, корисници, администратори). Само во случаи кога постојат јасни докази за умисла или небрежност и кога може да се утврди разумна предвидливост на штетните последици, кривичната одговорност може да биде оправдано применета.

Ефективното регулирање на автономните сајбер дејствувања бара интердисциплинарен приод, кој ќе ги интегрира технолошките, етичките и правните аспекти, со цел создавање на правен систем кој ќе одговара на современите реалности, враќајќи ја рамнотежата меѓу заштитата на јавниот интерес и почитувањето на правата и слободите на поединецот. Само преку ваков умерен и интегриран пристап може да се обезбеди правична и законита примена на кривичната одговорност во ерата на автономните технологии.

(Авторката е докторанд на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Софија, Бугарија. Работи како советник во Јавното обвинителство на Република Северна Македонија)

9 Ugo Pagallo, *The Laws of Robots: Crimes, Contracts, and Torts* (Springer 2013) 128–140.

10 Ryan Calo, ‘Robotics and the Lessons of Cyberlaw’ (2015) 103 *California Law Review* 513, 513–563.

ПАРИЧНИ КАЗНИ ИЛИ КРИВИЧНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ГОВОР НА ОМРАЗА?

Европскиот суд за човекови права не фаворизира конкретен модел на санкции, туку инсистира на воспоставување кохерентен, ефективен и пропорционален систем на заштита. Паричните казни, пробацијата и другите алтернативни мерки не претставуваат слабост на државата, туку показател за зрелост на казнената политика. Истовремено, кривичната одговорност останува неопходна за оние форми на говор на омраза што создаваат реална опасност за насилство или систематска дискриминација. Во крајна линија, санкцијата не е цел сама по себе, туку средство за заштита на демократскиот поредок.

МАРТИН ТАСЕВСКИ

АПСТРАКТ

Прашањето за соодветниот одговор со санкции на говорот на омраза претставува едно од најконтроверзните прашања на современата казнена политика. Додека кривичното право традиционално се смета за ultima ratio во заштитата на фундаменталните вредности, сè почесто се отвора дилемата дали паричните и други некривични мерки можат да обезбедат поефективна и попропорционална заштита, особено во дигиталниот простор.

Трудот преку догматска анализа, компаративен преглед на европските модели и консултирање на релевантната практика на Европскиот суд за човекови права ја разгледува оправданоста на различните пристапи со санкции против говорот на омраза. Посебен акцент се става на позитивните обврски на државите според Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП), како и на примената на тестот на пропорционалност при изборот на санкцијата. *Основната теза на трудот е дека легитимноста на санкционирањето на говорот на омраза не произлегува од строгоста на казната, туку од нејзината способност да обезбеди ефективна превенција и реална заштита на достоинството и еднаквоста во демократското општество.*

Клучни зборови: говор на омраза, кривична одговорност, парични казни, пропорционалност, пробација, слобода на изразување, Европски суд за човекови права.

ВОВЕД: ИНСТИТУЦИОНАЛНАТА РЕАКЦИЈА КАКО МЕРИЛО НА ДЕМОКРАТИЈАТА

Начинот на кој државата реагира на говорот на омраза претставува значаен индикатор за нејзината вистинска посветеност кон основните вредности на демократското општество.[1]

Отсуството на навремена, доследна и ефективна реакција не е правно неутрален феномен, туку фактор што може да придонесе кон нормализација на понижувањето, стигматизацијата и дискриминацијата на одредени општествени групи.[2] Во тој контекст, институционалната пасивност може да има исто толку сериозни последици како и недвосмислено толерирање на омразата.

Кривичното право, како најинтрузивен инструмент на државната интервенција, не смее да се сведе на механизам за репресија, ниту да се применува автоматски.[3] *Неговата суштинска функција е нормативна и заштитна: да ги артикулира и брани вредностите што општеството ги препознава како фундаментални. Оттука, централното прашање не е дали говорот на омраза треба да биде санкциониран, туку на кој начин санкцијата може да биде истовремено ефективна, пропорционална и усогласена со слободата на изразување.*

Методолошки, трудот се темели на догматска анализа на релевантните казнено-правни норми, компаративен преглед на европските регулаторни модели и анализа на судската практика на Европскиот суд за човекови права, со фокус на принципот на пропорционалност и законските обврски на државите во заштитата од говор на омраза.[4]

1 Council of Europe, Hate Speech and Freedom of Expression (Strasbourg, Council of Europe Publishing 2016).

2 OSCE/ODIHR, Hate Crime Reporting: National and Regional Frameworks (Warsaw, OSCE/ODIHR 2023).

3 R. Alexy, A Theory of Constitutional Rights (Oxford, Oxford University Press 2002)

4 A. Barak, Proportionality: Constitutional Rights and Their Limitations (Cambridge University Press 2012)

1. ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИСКА РАМКА И ПРАКТИКАТА НА ЕСЧП

Слободата на изразување претставува една од темелните претпоставки на плуралистичко и демократско општество.[5]

Европскиот суд за човекови права во својата рана практика утврди дека заштитата на оваа слобода се протега и на оние форми на изразување што можат да навредуваат, шокираат или вознемируваат.[6] Сепак, Судот доследно нагласува дека слободата на изразување не е апсолутна и подлежи на ограничувања кога тоа е неопходно во демократско општество.[7]

Во ситуации кога изразувањето го загрозува човечкото достоинство, промовира омраза или поттикнува дискриминација, државите не само што имаат право, туку и законска обврска да интервенираат.[8] Во таа смисла, судската практика укажува дека санкционирањето на говорот на омраза не претставува исклучок од заштитата на слободата на изразување, туку нејзино легитимно ограничување насочено кон заштита на правата на другите.

Клучно е што Европскиот суд за човекови права не пропишува конкретен санкциски модел. Наместо тоа, тој инсистира на постоење на ефективен и пропорционален механизам на заштита, оставајќи им на државите одредена слобода во изборот на средствата, сè додека тие обезбедуваат реална заштита од деградирачки и дискриминаторски говор.[9]

2. КРИВИЧНО-ПРАВНИОТ МОДЕЛ: НОРМАТИВНА СИМБОЛИКА И СТРУКТУРНИ ОГРАНИЧУВАЊА

Во поголемиот дел од европските правни системи, најсериозните облици на говор на омраза се предмет на кривична инкриминација.[10] Овој пристап се темели на сфаќањето дека одредени форми на јавно изразување, поради нивниот потенцијал да поттикнат насилство, дискриминација или систематско понижување, претставуваат закана за јавниот поредок и за основните права на другите.[11]

Така, германското кривично право преку делото Volksverhetzung ја санкционира јавната инцитација на омраза,[12] додека австрискиот модел предвидува слична заштита преку кривичното дело Verhetzung.[13]

Кривичното право во овој контекст има изразена симболичка функција. Со самото прогласување на одредено однесување за кривично дело, државата испраќа јасна порака за неговата општествена неприфатливост. Сепак, современата казнено-правна теорија предупредува дека симболиката не може да ја замени ефективноста.[14] Прекумерната криминализација, особено во сферата на изразувањето, носи ризик од селективна примена и од ерозија на принципот на ultima ratio.

---

5 European Convention on Human Rights, Art. 10.

6 *Handyside v United Kingdom*, Appl. no. 5493/72,(ECHR, 7 December 1976).

7 Ристески, Т. Медарски, Ф. И Стојкоски, А. Остварување на правото на слобода на изразување, Институт за човекови права 2017 ***https://www.ihr.org.mk/storage/app/media/Publications/Pravo_na_slobodata_na_izrazuvanje_MK_web.pdf***

8 *Vejdeland and Others v Sweden*, App. no. 1813/07, (ECHR, 9 February 2012).

9 *Beizaras and Levickas v Lithuania*, Appl. no. 41288/15, (ECHR, 14 January 2020).

10 Council of Europe, Hate Speech and Freedom of Expression (Strasbourg, Council of Europe Publishing 2016).

11 E. Barendt, Freedom of Speech, 2nd edn (Oxford, Oxford University Press 2005) 192–205.

12 German Criminal Code [Strafgesetzbuch], s. 130 (Volksverhetzung).

13 Austrian Criminal Code [Strafgesetzbuch], s. 283 (Verhetzung).

14 R. Alexy, A Theory of Constitutional Rights (Oxford, Oxford University Press 2002)

Во македонскиот контекст, оваа дилема добива дополнителна тежина. Иако Кривичниот законик формално предвидува инкриминација на говорот на омраза,[15] практичната примена е ретка и фрагментарна. Ова укажува дека самото постоење на кривично-правна норма не е доволно за обезбедување ефективна заштита, доколку таа не е поддржана со институционална подготвеност и конзистентна судска практика.

3. АДМИНИСТРАТИВНИ И РЕГУЛАТОРНИ ПРИСТАПИ: ПАРИЧНИ КАЗНИ И ПРЕВЕНТИВНА ЛОГИКА

Наспроти класичниот кривично-правен пристап, во последната деценија се развиваат административни и регулаторни модели насочени кон превенција и брза интервенција, особено во дигиталната сфера.[16] *Овие модели не се фокусираат првенствено на индивидуалната вина, туку на обврската за спречување и ограничување на штетната содржина. Германскиот Закон за спроведување на мрежи (Netzwerkdurchsetzungsgesetz – NetzDG) претставува еден од најрепрезентативните примери.*[17]

Европскиот суд за човекови права во предметот Delfi AS против Естонија ја потврди легитимноста на ваквиот пристап, нагласувајќи дека слободата на изразување не ја исклучува одговорноста на медиумите и платформите за ширење на говор на омраза.[18] *Сепак, административните модели не се лишени од ризици. Прекумерната регулаторна интервенција може да доведе до прекумерно отстранување на содржина и до цензура, мотивирана од страв од санкции. Оттука, нивната примена мора да биде внимателно балансирана и јасно нормативно ограничена.*

4. КОМБИНИРАНИОТ ПРИСТАП КАКО НОРМАТИВНА НЕОПХОДНОСТ

Анализата на европските модели укажува дека ниту исклучиво кривично-правниот, ниту исклучиво административниот пристап не обезбедува целосен и задоволителен одговор на говорот на омраза. Ефективната заштита бара диференциран и комбиниран систем на санкции, кој ќе ја земе предвид тежината на конкретниот случај, контекстот на изразувањето и неговите реални последици. Во таа смисла, најсериозните облици на говор на омраза, особено оние што имаат јасен потенцијал за насилство или систематска дискриминација, оправдано треба да бидат предмет на кривична одговорност.

Од друга страна, помалку тешките, но сепак деградирачки форми на говор, можат поефективно да се санкционираат преку парични казни, јавни извинувања или едукативни мерки. Овој пристап е во согласност со судската практика што ја нагласува потребата од реална, а не само формална заштита од говор на омраза.[19]

15 Кривичен законик на РСМ, „Службен весник на РСМ“ бр.37/1996,... 16/2026; 17/2026, види член 319.

16 Council of Europe, Hate Speech and Freedom of Expression (Strasbourg, Council of Europe Publishing 2016).

17 Network Enforcement Act [Netzwerkdurchsetzungsgesetz – NetzDG], Federal Law Gazette I 2017, 3352.

18 *https://share.google/dJ2FovbkAZeEjlStA*

19 Supra note 9.

5. ПРОБАЦИЈАТА КАКО АЛТЕРНАТИВА НА РЕПРЕСИЈАТА

Современите тенденции во казнената политика сè повеќе ја афирмираат пробацијата како инструмент што овозможува хуманизација на санкционирањето без компромитирање на заштитната функција на правото.[20] Пробацијата, како контролирана алтернатива на затворската казна, овозможува индивидуализиран пристап и потенцијал за реална ресоцијализација на сторителот.

Препораките на Советот на Европа укажуваат дека ваквите мерки можат да имаат значаен превентивен ефект, особено кога се комбинирани со едукативни програми и обврски насочени кон подигнување на свеста за штетноста на говорот на омраза.[21] *Во тој контекст, пробацијата не претставува „поблага" санкција, туку поинаков, често поефективен механизам за заштита на жртвите и на општеството во целина.*

6. НОРМАТИВНИ ГРАНИЦИ НА ТОЛЕРАНЦИЈАТА

Дебатата за говорот на омраза неизбежно се поврзува со прашањето за границите на толеранцијата во демократското општество.

Современото европско право ја отфрла апсолутизацијата на слободата на изразување и инсистира на нејзино балансирање со другите фундаментални вредности, особено со човечкото достоинство и еднаквоста. Европскиот суд за човекови права во повеќе наврати нагласува дека демократијата не се сведува на владеење на мнозинството, туку подразбира и активна заштита на малцинствата од говор што може да доведе до нивна маргинализација или деградација.[22]

7. ТЕСТОТ НА ПРОПОРЦИОНАЛНОСТ И ИЗБОРОТ НА САНКЦИЈА

Изборот на соодветна санкција за говорот на омраза мора да се темели на тестот на пропорционалност, како општ принцип на европското јавно и казнено право.[23] Овој тест бара санкцијата да биде соодветна за постигнување на легитимната цел, неопходна во отсуство на поблаги мерки и сразмерна во потесна смисла.[24]

Автоматското прибегнување кон кривични санкции може да биде непропорционално во случаи каде што говорот нема реален потенцијал за насилство, но сепак има деградирачки ефект. Во такви ситуации, комбинирањето на парични казни со едукативни или пробациски мерки може да обезбеди поголем превентивен ефект. Истовремено, потценувањето на сериозните форми на говор на омраза преку исклучиво административни мерки испраќа погрешна порака за вредноста на заштитата што државата ја обезбедува.

7.1. НЕКАЗНИВОСТА, УМИСЛАТА И РАЗЛИКУВАЊЕТО МЕЃУ ОПАСЕН ГОВОР И КРИВИЧНО ДЕЛО

Еден од најчестите практични проблеми во санкционирањето на говорот на омраза произлегува од начинот на кој правосудните органи ја толкуваат субјективната страна на делото, односно прашањето на умислата.

---

20 Council of Europe, Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the European Rules on Probation, adopted 20 January 2010.

21 Council of Europe, Recommendation CM/Rec(2010)1 of the Committee of Ministers to member states on the European Rules on Probation, adopted 20 January 2010.

22 *Erbakan v Turkey*, Appl. no. 59405/00, (ЕЦХР, 6 July 2006).

23 Supra note 4.

24 R. Alexy, A Theory of Constitutional Rights (Oxford, Oxford University Press 2002).

Во повеќе национални контексти, вклучително и во Република Северна Македонија, постои тенденција говорот на омраза да се третира како кривично релевантен само доколку е утврдена јасна, недвосмислена и директна намера за поттикнување омраза или дискриминација. Ваквиот пристап, иако формално ориентиран кон заштита на слободата на изразување, во практика често резултира со неказнивост на изрази што објективно имаат деградирачки, понижувачки или стигматизирачки ефект врз одредени општествени групи.

Европската судска практика, меѓутоа, не ја сведува кривичната релевантност на говорот на омраза исклучиво на постоење на директ*на умисла*.[25] Напротив, Европскиот суд за човекови права доследно применува контекстуален пристап, при што оценката на умислата не се врши изолирано, туку во светло на содржината, контекстот и ефектите на говорот.[26]

Во таа смисла, Судот прифаќа дека умислата може да биде изведена и индиректно, од објективните околности на случајот, без потреба сторителот недвосмислено да ја артикулира својата омраза или дискриминаторска намера.[27] Овој пристап е особено значаен за разликувањето меѓу говор што претставува апстрактна или потенцијална опасност и говор што достигнува праг на кривично дело.

Не секој навредлив, провокативен или морално спорен израз треба да биде предмет на кривично санкционирање. *Слободата на изразување ја подразбира и можноста за изразување на непопуларни, па дури и шокантни ставови. Сепак, кога говорот, оценет во својот општествен и комуникациски контекст, создава клима на страв, исклучување или легитимирање на дискриминацијата, државата има обврска да интервенира.*[28] *Со цел да се избегне и прекумерната криминализација и фактичката неказнивост, на правосудството му е потребен понијансиран аналитички пристап.*

Наместо исклучиво да се фокусира на субјективната изјава на сторителот, оценката на кривичната релевантност на говорот на омраза може да се заснова на комбинација од објективни критериуми, како што се: контекстот на изразувањето (јавен или приватен простор), позицијата и влијанието на говорникот, карактерот на таргетираната група, употребата на дехуманизирачки или стигматизирачки јазик, повторливоста на говорот и поширокиот општествен контекст во кој тој се појавува.

Ваквиот пристап не значи релативизирање на слободата на изразување, туку нејзино функционално балансирање со другите фундаментални вредности. Напротив, тој им овозможува на судовите и обвинителствата да направат јасна разлика меѓу говор што треба да биде толериран како дел од плуралистичкиот јавен дискурс и говор што, поради својата содржина и ефекти, оправдано бара кривично-правна интервенција или друг соодветен санкциски одговор.

Во тој контекст, неказнивоста не смее да биде резултат на формалистичко толкување на умислата, ниту пак санкционирањето смее да биде автоматска реакција. Правилното разграничување меѓу опасност и кривично дело претставува суштински услов за пропорционална и легитимна казнена политика во демократското општество.

25 *Vejdeland and Others v Sweden*, Appl. no. 1813/07, (ЕЦХР, 9 February 2012).

26 *Beizaras and Levickas v Lithuania*, Appl. no. 41288/15, (ECHR, 14 January 2020).

27 Ibid.

28 *Erbakan v Turkey*, Appl. no. 59405/00, (ECHR, 6 July 2006).

ЗАКЛУЧОК: САНКЦИЈАТА КАКО НОРМАТИВЕН ИЗБОР

Анализата покажува дека Европскиот суд за човекови права не фаворизира конкретен модел на санкции, туку инсистира на воспоставување кохерентен, ефективен и пропорционален систем на заштита.[29] Паричните казни, пробацијата и другите алтернативни мерки не претставуваат слабост на државата, туку показател за зрелост на казнената политика. Истовремено, кривичната одговорност останува неопходна за оние форми на говор на омраза што создаваат реална опасност за насилство или систематска дискриминација. Во крајна линија, санкцијата не е цел сама по себе, туку средство за заштита на демократскиот поредок.

Начинот на кој државата го санкционира говорот на омраза ја отсликува нејзината вистинска посветеност кон еднаквоста, достоинството и владеењето на правото.

(Авторот е магистер* по кривично право при МИТ Универзитет, Скопје, Факултет за правни науки, меѓународни односи и дипломатија*)

29 Supra note 26.

ПРИМЕНАТА НА АПЛИКАТИВНИ МЕТОДИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ОД ВИКТИМИЗАЦИЈА КАЈ МЛАДИТЕ - ПРАВЕН, СОЦИЈАЛЕН И ОБРАЗОВЕН ПРИСТАП

Неопходна е дополнителна акција со цел подобрување на едукацијата и на едната и на другата страна. Односно, на учениците, но и на возрасните (родителите и наставниците). Родителите и наставниците носат одговорност пред младите лица да покажат разбирање, емпатија, да го препознаат проблемот, да разговараат отворено за насилството и да им помогнат на младите лица во справувањето со стресот и психолошките нарушувања како последица на насилното однесување. Во овој контекст, неопходно е да се нагласи дека брзата реакција од страна на возрасните е круцијална во решавањето на проблемите со насилното однесување

ДРАГАНА КОСТЕВСКА

АПСТРАКТ

Овој труд претставува сеопфатна анализа на феноменот на виктимизација кај младите, разгледан преку интеграција на теоретски, правен и емпириски пристап. Во фокусот се апликативните методи како современ инструмент за превенција, со посебен акцент на нивната улога во образовниот систем. Истражувањето е спроведено во рамки на проектот „Апликативни методи за превенција од виктимизација кај млади“, реализиран преку Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD2), финансирана од Европската Унија и имплементирана од УНДП, во соработка со Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА – Охрид. Емпириските податоци, добиени од примерок од 50 ученици од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид, укажуваат на доминација на психолошко и вербално насилство, ниско ниво на пријавување и ограничена доверба во институциите. Трудот заклучува дека интегрираниот пристап кој ги комбинира правните механизми, образовните политики и практичните интервенции претставува најефикасен модел за превенција.

Клучни зборови: виктимизација, млади, насилство, превенција, правен систем, образование

ВОВЕД

Во услови на забрзани општествени промени, глобализација и дигитализација, насилството кај младите се наметнува како еден од најсериозните социјални предизвици. Младите лица се изложени на различни ризици кои произлегуваат од нивната непосредна околина, но и од пошироките структурни фактори, како што се економските кризи, социјалната нееднаквост и влијанието на медиумите.

Овој труд се базира на прирачникот изработен во рамки на проектот „Апликативни методи за превенција од виктимизација кај млади“, кој е реализиран како дел од Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 (ReLOaD2). Програмата е финансирана од Европската Унија, а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП). Имплементацијата на проектот е извршена од страна на Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА – Охрид, во соработка со Институтот за традиционални вредности – Охрид.

Актуелноста на трудот произлегува од потребата за научно обработување на практичните модели за превенција, особено во време кога насилството добива нови форми (сајбер насилство, родово базирано насилство...), а институционалните механизми често доцнат во реакцијата.

Овој труд има за цел да ја анализира ефективноста на апликативните методи како инструмент за превенција, преку поврзување на теоретските концепти, правната рамка и емпириските податоци.

ТЕОРЕТСКО-ПРАВЕН КОНТЕКСТ

При дефинирање на поимот насилство, речиси секогаш се среќава латентната (прикриена) форма на агресија. Но, битно е да се спомене дека современата литература прави разлика меѓу агресијата и агресивноста. Канавичи агресијата ја дефинира како „активност во чија примарна линија се применува насилството, додека, пак, агресивноста претставува психичка склоност да се атакува и напаѓа“.[1] Во социолошкиот речник, Трипковиќ истакнува дека во науката постои спор околу тоа дали агресивноста е стекната или вродена особина.[2]

1 M Cannavicci, *Piccolo dizionario di criminologia* (EdUP 1999) 82.

2 A Mimica and M Bogdanović, *Sociološki rečnik* (Zavod za udžbenike 2007) 6..

Сулејманов проучувајќи го насилството кај човекот дошол до заклучок дека тоа е составено од две компоненти: агресивност и агресивно поведение. Според него овие две компоненти се основна карактеристика на сите кривични дела со елементи на насилство.[3] Лазароски агресивноста ја смета за психичко својство на личноста што се карактеризира со зголемена готовност за акција, додека, пак, агресивното поведение како дејствие кое се манифестира со напад (физичка активност) насочено против други лица со намера да им се нанесе штета.[4]

Со самото сторување на определено насилничко дело, сторителот појавил агресивност. Таа агресивност се состои во помала или поголема склоност на сторителот за напад врз добрата, интересите или вредностите на друго лице, каде што жртвата е пречка за реализирање на неговите постапки, интереси, ставови, мотиви, цели, барања и слично, што зависи од степенот на развиеноста на оваа негативна црта на сторителот. Волш и Пул насилството го одредуваат како „непрецизен термин за ментално или почесто физичко загрозување или повреда“,[5] додека, пак, Писапиа го одредува насилството како „свесна активност на човекот насочена против другото лице, со кое друго лице е принудено на нешто против сопствената волја“.[6] Слично на тоа, Гласер го смета насилството како физичка реакција насочена кон предизвикување телесна повреда на друго лице.[7]

ТЕОРЕТСКИ И КОНЦЕПТУАЛЕН ПРИСТАП КОН НАСИЛСТВОТО

Насилството претставува комплексен феномен кој не може да се анализира еднодимензионално. Во научната литература се прави јасна разлика меѓу агресијата како дејствие и агресивноста како психолошка карактеристика. Насилството се дефинира како свесна активност насочена кон нанесување штета или повреда на друго лице.

Факторите за појава на насилство може да се класифицираат во три групи:

1. **Индивидуални фактори**

- темперамент
- емоционална нестабилност
- ниска самоконтрола
- проблеми со социјализација

2. **Социјални фактори**

- семејна дисфункционалност
- училишна средина
- врснички притисок
- медиумско влијание

3. **Структурни фактори**

- економска несигурност
- културни норми
- политички и општествени кризи

Овој мултидимензионален карактер укажува дека превенцијата мора да биде системска, а не изолирана активност.

3 З Сулејманов, Криминологија (Институт за социолошки и политичко правни истражувања 2003).

4 Ј Лазароски, Алтруистичко и агресивно однесување (Матица Македонска 1997).

5 D Walsh and A Poole, Dictionary of Criminology (Routledge 2019) 3.

6 G Pisapia, Parole di criminologia (2002) 231.

7 M Glasser, ‘On violence’ (1998) 79 International Journal of Psychoanalysis 887.

ВИДОВИ НА НАСИЛСТВО КАЈ МЛАДИТЕ

Според анализата во прирачникот, насилството кај младите се појавува во повеќе форми и тоа во вид на: физичко; психолошко; вербално; емоционално; сексуално; економско и сајбер насилство. Особено е значајно што овие форми често се преклопуваат, што го отежнува нивното препознавање и институционално третирање.

Сајбер насилството се издвојува како нов и растечки проблем, бидејќи овозможува континуирано вознемирување без просторни и временски ограничувања.

Родово базираното насилство претставува сериозно прекршување на човековите права и е тесно поврзано со нееднаквоста во општеството. Овој вид насилство најчесто ги погодува жените и девојчињата, но може да биде насочен кон сите категории. Формите на родово насилство вклучуваат: физичко и сексуално насилство; психолошка злоупотреба; принуден брак и онлајн вознемирување. Правните анализи укажуваат дека родово базираното насилство не е само индивидуален проблем, туку системски феномен кој бара институционален одговор.

МЕТОДОЛОГИЈА

Истражувањето е спроведено во рамки на проектот „Апликативни методи за превенција од виктимизација кај млади“, реализиран преку програмата ReLOaD2. Проектот е финансиран од Европската Унија, спроведен од УНДП, а имплементиран од страна на Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА – Охрид. Емпириското истражување опфати 50 ученици на возраст од 15 до 18 години од ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“ – Охрид.

Користени се:

- прашалници за насилство
- скали за анксиозност (BAI)
- прашалник за депресија (PHQ-9)

Овој пристап овозможи интегрирана анализа на насилството и неговото влијание врз менталното здравје. Меѓу другото, се овозможи не самоидентификација на насилството, туку и процена на неговото влијание врз менталното здравје.

Резултатите од истражувањето укажаа на следните компоненти:

- околу 82% од учениците не пријавиле директно насилство;
- значително поголем број пријавиле индиректни форми насилство;
- психолошкото насилство е најзастапено;
- постои присуство на физичко, вербално и сајбер насилство.

Дополнително: дел од учениците избегнувале одење во училиште поради страв, а факт е дека постои чувство на несигурност кај одреден број ученици. Особено значајно е што насилството е поврзано со зголемена анксиозност и постои ризик од депресивни состојби. Овие резултати се конзистентни со пошироките истражувања во државата, кои укажуваат дека насилството, често, останува непријавено.

Резултатите укажуваат на неколку значајни наоди:

- најзастапени се психолошкото и вербалното насилство;
- физичкото насилство е помалку застапено, но е присутно;
- сајбер насилството бележи тренд на раст;
- значителен број ученици не пријавуваат насилство.

Особено загрижувачко е ниското ниво на доверба во институциите, што директно влијае врз пријавувањето и справувањето со насилството.

АПЛИКАТИВНИ МЕТОДИ И ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО УЧЕЊЕ

Освен истражување, во рамки на проектот се пристапи и кон вклучување на иновативен пристап преку експериментално учење. Примената на методи и симулации од областа на експериментално учење беа базирани на развивање на свеста кај учениците од „евентуална можност" за доживување насилство, но и учење на одредени дејства преку кои може да се има контрола во насилни ситуации и да се избегне евентуална виктимизација. *Имено овој тип на учење од искуство, укажува на тоа дека првин ги става учесниците во ситуации од кои треба да се согледа одредено искуство, а потоа ги поттикнува на размислување, па се до развивање на нови вештини, нови ставови или нови начини на дејствување*.

Целта на ваквите програми и методи за работа со идентификувани или потенцијални жртви е дводимензионална, односно првата димензија се однесува на ефикасно одвраќање на учесниците што манифестираат насилство, додека, пак, другата се концентрира на намалување на можноста од виктимизација. Развивањето на емпатијата, самодовербата, меѓусебната почит како и подобрувањето на комуникацијата и интеракцијата кај младите, се вбројуваат во групата на најзначајните фактори за заштита од евентуална виктимизација.

Пристапот кон овој вид на превенција, наоѓа особена примена и во случаи кога младото лице веќе доживеало некој облик на насилство. Имено, целта е намалување на последиците од примарната виктимизација и спречување на можноста од мултиплицирање на последиците, што може да настанат со игнорирање, неправилно постапување и однос од страна на оние што треба да им помогнат на жртвите (и тоа, најчесто, од страна на училишниот персонал или други општествени чинители).

Во рамки на проектот беа применети различни интерактивни методи, како што се: симулации на конфликтни ситуации; улоги (жртва/сторител); како и групни активности. Овие методи овозможуваат практично учење и директно влијание врз однесувањето на младите.

Клучните активности спроведени во делот на експерименталното учење се однесуваа на: „жешко столче"; „лавиринт"; „река на идентитет"; анализа на конфликти и улоги на жртва и сторител. Овие методи овозможуваат: развој на емпатија; подобрување на комуникацијата; зголемување на самодовербата; практично разбирање на насилството. Експерименталното учење се покажува како особено ефективно, бидејќи ги вклучува младите активно во процесот.

Дополнително, во духот на претходно искажаните ставови беа спроведени и: спортски активности, културни (етно) активности и тимска работа во мешани групи. Овие активности придонесуваат за: намалување на предрасудите; подобрување на меѓуетничките односи и градење чувство на припадност.

Инклузивниот пристап е клучен фактор за долгорочна превенција. Оттука, низ призма на практичниот дел од овој проект, целта беше да се стават учениците кои учествуваа во проектот, во одредени „хипотетички" улоги на сторител и жртва на насилство – лице кое е стигматизирано, секојдневно изложено на дискриминација, *односно тие добиваа одредени улоги во кои одблизу можеа да ги согледаат сите неопходни параметри на сторување на кривично дело, превенција и скоро сите фази низ кои поминува жртвата.*

Понатаму, се целеше на меѓусебно запознавање на учениците, со цел да се создаде простор за доживување ситуации, преживување разни болки и страдања, осознавање на повредени чувства, со цел развивање на поинакви методи и пристапи за прифаќање на себе си и околината околу нас, запознавање на различни форми на насилство и како до превенција на насилно однесување.

Преку одредени вежби и игри, а во духот на практично експериментирање со секојдневни реални ситуации и преиспитување на сопствениот став кон себе си и околината, се работеше на потребата од развивање на дијалог и соработка со различни карактери, ставени во разни ситуации, со цел учениците да научат нови начини за справување со насилни ситуации.

ДИСКУСИЈА

Комбинирањето на следните компоненти од типот на: теоретска едукација, практични методи, правен пристап и емпириски податоци, овозможија целосно разбирање на феноменот на насилство. Сепак, останuваат предизвиците и проблемите кои се однесуваат на недоволната институционална реакција, недовербата кај младите и недоволната интеграција на превенцијата во образованието.

Добиените резултати потврдуваат дека традиционалните модели на превенција не се доволни. Потребен е нов пристап кој ќе ги вклучи младите како активни учесници во процесот. Апликативните методи, базирани на експериментално учење, се покажуваат како ефективен инструмент бидејќи: поттикнуваат емпатија, придонесуваат за развивање на критичко размислување и, во голема мера, ја подобруваат комуникацијата. Овој пристап е во согласност со современите образовни и правни тенденции. Насилството кај младите претставува сериозен општествен и правен проблем кој бара системски пристап.

Имено, овој труд покажува дека: превенцијата е поефикасна од реакцијата, дека образованието игра клучна улога, експерименталното учење дава најдобри резултати како и неизбежниот факт дека правниот систем мора да биде поактивен.

ЗАКЛУЧОК

Насилството кај младите претставува комплексен проблем кој бара интегриран пристап. Овој труд покажува дека комбинацијата на правни механизми, образовни политики и практични методи претставува најефикасна стратегија за превенција.

Според истражувачките наоди, како заклучно може да се издвои дека 33 ученици од вкупно 50, изјавиле дека доживеале некаков вид на насилство во училиштето. Последиците од училишното насилство имаат тенденција да се преклопуваат со последиците од виктимизацијата воопшто и вклучуваат и бихејвиорални, психолошки и социјални проблеми. Од 33 ученици кои изјавиле дека доживеале насилство, 22 ученици имаат анксиозност со различен интензитет (од блага до висока анксиозност), а 4 од учениците кои се анксиозни не пријавиле доживеано насилство во училиштето; 22 ученици имаат депресија со различен интензитет (од ниска до тешка), а 3 од учениците кои имаат депресија не пријавиле доживеано насилство во училиштето.

Може да се заклучи дека учениците кои доживеале насилно однесување во училиштето, имаат повисоки нивоа на анксиозност и депресија и имаат висок ризик од самоубиствени идеи и самоубиство.

Наодите укажуваат на докази за преклопување жртва-насилник во однос на училишното насилство, односно младите кои вршат насилство во училиштето исто така се жртви на самото насилство, и обратно. Конкретно, 10 ученици кои пријавиле дека се однесувале насилно кон други ученици, пријавиле и дека биле жртви на насилство во самото училиште.

Како заклучок - од прегледот на одговорите на учениците, лесно се забележува дека дел од нив изјавиле дека не споделиле со никого, ниту со врсниците, ниту со возрасните (родители и наставници) за преживеаното насилство. Жално е сознанието дека во претрпената траума – овие ученици биле сами. Постои ризик, и во иднина учениците кои премолчеле насилно однесување

врз нив, да продолжат со молчење заради недоволната отвореност во општеството да се говори за оваа важна тема, или, пак, заради чувството на срам, вина, страв и слично, состојби кои влијаат да не се побара соодветна помош. Учениците, пак, кои споделиле со некого за својот проблем, изјавиле дека и покрај споделувањето, работите не се промениле.

Согласно овие одговори, јасно се увидува дека неопходна е дополнителна акција со цел подобрување на едукацијата и на едната и на другата страна. Односно, на учениците, но и на возрасните (родителите и наставниците). Родителите и наставниците носат одговорност пред младите лица да покажат разбирање, емпатија, да го препознаат проблемот, да разговараат отворено за насилството и да им помогнат на младите лица во справувањето со стресот и психолошките нарушувања како последица на насилното однесување. Во овој контекст, неопходно е да се нагласи дека брзата реакција од страна на возрасните е круцијална во решавањето на проблемите со насилното однесување.

(Авторката е вработена во Здружението за поддршка на идентификувани и потенцијални ранливи групи ЖРТВА Охрид)

СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА

Законската регулатива во Република Северна Македонија во областа на семејното насилство се развиваше постепено, од општа кривично-правна заштита кон воспоставување на посебна и посистемски поставена правна рамка. Со законските измени и донесувањето на посебни закони се изврши значајна нормативна трансформација, при што се зајакнаа механизмите за превенција и заштита како и институционалното постапување. Дополнително, измените во Кривичниот законик и најавените реформи укажуваат на континуирано унапредување на правната рамка и усогласување со современите стандарди, со цел обезбедување поефикасна заштита на жртвите од семејно насилство.

АНЃЕЛА ЦВЕТКОВСКА

АПСТРАКТ

Трудот претставува научно-правна анализа на законската регулатива за семејно насилство во Република Северна Македонија. Всушност, во рамките на овој труд ќе се истражува националното законодавство и постојната правна регулатива која го уредува семејното насилство, со цел да се согледа нивниот развој, опфат и ефикасност во заштита на жртвите. Исто така, ќе се изврши, теориска анализа на правните и практичните бариери за заштита на жртвите од семејно насилство. Резултатите од овој труд ќе придонесат за подобро разбирање на ефикасноста на постојаната правна регулатива и идентификација на клучните недостатоци во нејзината примена. Дополнително, анализата има за цел да укаже на потребата од понатамошно унапредување на законските решенија и институционални механизми за заштита, како и зајакнување на практичната имплементација на постојани норми. Со тоа, трудот настојува да понуди релевантен научен придонес во насока на унапредување на системот за спречување и заштита од семејно насилство во Република Северна Македонија.

Клучни зборови: **семејно** насилство, закон, право, Република Северна Македонија

ВОВЕД

Насилството е глобален проблем опфатен во Кривичниот законик на Република Северна Македонија. Тоа може да се дефинира како физичка штета или психолошко насилство. Постојат повеќе видови, а ние ќе зборуваме за семејното насилство како еден од најтешките облици на криминал. Во законодавството на Република Северна Македонија, се до законските измени во Законот за семејство во 2004 година, не постоеја законски одредби со кои недвосмислено се регулираше семејното насилство. Правната законска регулатива не се покажа како доволна за обезбедување на сеопфатна и ефективна заштита на жртвите.

Поради тоа, Република Северна Македонија се насочи кон воспоставување посебна и посеопфатна законска регулатива, во согласност со европските стандарди за заштита на жртвите од семејно насилство.

1. ШТО ПРЕТСТАВУВА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО?

Проблемот со насилството е еден од глобалните проблеми на современото општество. Голем дел од кривичните дела вклучени во Кривичниот законик содржат референца за „насилство“, затоа, мора да се решат прашањата за неговото разбирање, толкување и примена на нормите. Бидејќи законската дефиниција на концептот не е вградена во законот, лицето кое го применува законот може да го толкува насилството во согласност со реалните околности.

Теоријата гласно зборува за физичко и психолошко насилство, но разликува и други видови. Виолентологијата се занимава со проучувањето на насилниот криминал и ги проширува овие видови. Членовите на кривичниот законик вклучуваат формулации како насилство и закани, но концептот на „насилство“ се подразбира како физичка штета, додека психолошкото насилство се однесува на закани за употреба на насилство. Насилството може да се случи и без директен контакт со телото на жртвата, без да и нанесе физичка штета, туку со тоа што ќе влијае врз неа психолошки, со зборови, гестови, економски итн. На пример, сопругот постојано ја понижува својата сопруга, ги истакнува нејзините недостатоци, ја омаловажува, но не користи никаква физичка сила против неа и со своите постапки и предизвикува само емоционално страдање, психолошка траума.

Овој вид на насилство може да се манифестира и врз очевидци, на пример, дете (помалку заштитена група во општеството) постојано го гледа својот татко како ја понижува или тепа мајка му, како резултат на тоа детето страда од психолошко насилство, а тоа може да влијае на неговиот иден живот, [1] овој вид на насилство всушност претставува семејно насилство.

Во таа насока, од правна перспектива, семејното насилство се дефинира како модел на принудно контролирачко или насилно однесување што го користи едно лице за да стекне моќ над друго лице кога станува збор за интимен партнер или семеен однос. Тоа подразбира физичко, сексуално, емоционално или психолошко злоупотребување, кое често пати се проширува надвор од физичкото насилство и опфаќа следење и технолошка злоупотреба.[2]

Исто така, семејното насилство, според Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, се дефинира на следниот начин: „Семејно насилство" е малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психичко, физичко или економско насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв, вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родители или деца или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар или вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата или не.[3]

Додека според Законот за семејство, под семејното насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв спрема брачен другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство; поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојување и старателство; браќа и сестри, полубраќа и полусестри, постари членови на семејството или заедничко домаќинство и лица членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена. Под блиски лични односи, во смисла на овој закон, се подразбираат лични односи меѓу лица од различен пол кои се или биле во партнерски односи, а не живеат во вонбрачна заедница.[4]

Врз основа на ова може да се согледа дека законодавството, правната теорија и судската пракса, го поставуваат семејното насилство како иманентна тема која побудува општествен интерес со максимална медиумска покриеност.

2. КРИВИЧНО-ПРАВНИ И ПРОЦЕСНИ АСПЕКТИ НА СЕМЕЈНОТО НАСИЛСТВО ВО РСМ

Семејното насилство е еден од најтешките облици на криминал, од причина што сторителот е лице со кое жртвата има однос заснован на доверба, сигурност, интимност, па дури и љубов. Тоа ги прави последиците од семејното насилство, во најголемиот број на случаи, посериозни во

1 Jelena Kalinina, Vardabibas dimene jedziens un interpretacija, научен труд, 2017 Daugavpils Univerzit Latvija, ***https://journals.rta.lv/index.php/ACJ/article/download/2793/2804***, стр. 11

2 Office on Violence against Women, ***https://www.justice.gov/ovw/domestic-violence#:~:text=What%20Is%20Domestic%20Violence?,%2C%20injure%2C%20or%20wound%20someone***.

3 Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, Службен весник бр. 24/2021.

4 Закон за семејство, Службен весник на РСМ бр. 80/1992, 9/1996; 19/2000; 18/2001; 79/2001; 38/2004; 60/2005; 33/2006; 84/2008; 117/2009; 67/2010; 156/2010; 39/2012; 44/2012; 38/2014; 115/2014; 138/2014; 104/2015; 150/2015; 122/2018; 51/2021; 53/2021; 199/2023; 192/2025

однос на другите кривични дела. Но, со оглед на карактеристиките на семејното насилство, се поставува прашањето како Северна Македонија го инкриминира овој облик на криминал?[5]

За разлика од Косово и Албанија, кои го инкриминираат семејното насилство со посебен член, во Кривичниот законик на Косово во член 248 и во Кривичниот законик на Албанија во член 130/а, Северна Македонија не го предвидува семејното насилство како посебен член, туку го инкриминира во рамките на постојните дела како потежок облик на кривично дело. Кривичниот законик на Република Северна Македонија во 2023 година претрпе промени во многу области, вклучувајќи го и семејното насилство.

Кривичниот законик на Република Северна Македонија семејното насилство го предвидува како кривичното дело во член 122 каде што е наведено дека семејното насилство подразбира, физичко, психичко, сексуално или економско насилство, како и закани и малтретирање меѓу лица во семејни и блиски односи, што предизвикува чувство на несигурност, страв или загрозеност кај жртвата.

Една од најчестите форми на семејно насилство е физичкото насилство. Во исто време, оваа форма најлесно се забележува кај жртвата. Физичкото насилство во Кривичниот законик е предвидено во членовите 130 и 131 кои ги инкриминираат телесната повреда, каде што во случај кога телесните повреди се нанесени како последица на семејно насилство, сторителот се казнува со затвор од 6 месеци до 5 години, а кога на жртвата ќе и се нанесат тешки телесни повреди сторителот се казнува со затвор од една до пет години. Додека убиството, како тешко кривично дело, се казнува двојно повеќе од убиството од став 1, каде што исто така е предвидено сторителот да биде осуден на доживотен затвор, доколку околностите во кои го сторил кривичното дело се сериозни.

Семејното насилство, исто така, се врши и преку психичко насилство, кај кое ретко се забележуваат знаци од него. Меѓутоа, за да се казни сторителот, законодавецот предвидел и тоа да се инкриминира. Исто така, како психолошко насилство се смета и незаконско лишување од слобода или каква било форма на лишување или ограничување на слободата на движење, за што е предвидена казна затвор од шест месеци до три години, согласно член 140 од Кривичниот законик.

Последно дело коешто е опфатено со Кривичниот законик, а се однесува на семејното насилство, е Загрозување на сигурноста, предвидено и казниво според член 144, што ја инкриминира сериозната закана дека сторителот ќе го нападне животот или телото на жртвата или некој од нејзините блиски. За тоа, сторителот може да биде казнет со затвор од три месеци до три години.

3. АНАЛИЗА НА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА ЗА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во законодавството на Република Северна Македонија, се до законските измени во Законот за семејство во 2004 година, не постоеја законски одредби со кои експлицитно се регулираше семејното насилство. Сторителите на семејно насилство беа гонети според општи одредби против семејно насилство. Кривичните напади беа поделени во две широки категории: напади што предизвикуваат „телесни повреди“ и напади што предизвикуваат „тешки телесни повреди“.[6]

Според претходните кривични закони, за полесни телесни повреди, кривичното гонење се поведуваше со приватна тужба од страна на жртвата, додека тешките телесни повреди се гонеа по службена должност од страна на јавен обвинител. Оваа правна состојба во нашата земја, може да се разбере како тешкотија или дури и неможност на жртвите да побараат помош и правна заштита за семејно насилство (за сите негови форми), освен во случаи кога станува збор за

5 Е. Ѓокова, ‘Dhuna ne familie ne Kodin Penal, Mollekuqja’ 2024, *https://www.mollekuqja.mk/mk/dhuna-ne-familje-ne-kodin-penal-si-perkufizohet-dhe-cilat-jane-denimet/*

6 Ratkoceri V., 2023„ Domestic Violence Legislation Reforms in the Republic of North Macedonia” SEEU Review, *https://www.researchgate.net/publication/371993171_Domestic_Violence_Legislation_Reforms_in_the_Republic_of_North_Macedonia*

„тешки телесни повреди“. Всушност, може да се забележи дека извесно време постоеле и такви констатации дека семејното насилство „не постои во нашата земја“.[7]

Меѓутоа иако првичната нормативна рамка во Законот за семејство претставуваше значаен почеток во препознавање на семејното насилство, како општествен и правен проблем, таа се покажа како недоволна за обезбедување на сеопфатна и ефективна заштита на жртвите. Поради тоа, Република Северна Македонија се насочи кон воспоставување посебна и посеопфатна законска регулатива, следејќи ги современите европски трендови во оваа област. Во таа насока, во 2014 година беше донесен горенаведениот Закон за спречување и заштита од семејно насилство кој започна со примена од 1 јануари 2015 година.

Со неговото стапување во сила се изврши нормативна трансформација, при што одредбите за семејно насилство од Законот за семејство беа укинати, а правната регулација беше пренесена во нов закон кој има поширок и институционален пристап кон проблемот. Законот е структуриран во повеќе поглавја и содржи 67 членови со кои се воспоставува систем на превенција, заштита и координирано постапување на надлежните институции. Неговата основна цел е обезбедување ефикасна заштита на жртвите, почитување на основните човекови права со посебен фокус на интересите и на безбедноста на жртвата.

Овој закон е значаен бидејќи претставува прв посебен закон кој системски ја уредува областа на семејното насилство во Република Северна Македонија. Со неговото донесување се воспостави појасна правна рамка за заштита на жртвите и постапување на надлежните институции. Законот беше во примена до мај 2021 година, кога беше укинат со стапување во сила на Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, со што се направи понатамошно усогласување со современите стандарди, додека во 2023 година, како што напомнавме, беше донесен Закон за измена на Кривичниот законик кој се фокусираше на кривични дела поврзани со семејно насилство, како и вклучување на нови кривични дела меѓу кои и кривично дело „демнење” согласно член 144-а.

Во временскиот период од 2023 година до 2025 година се забележува фокус на институционална имплементација, унапредување на координација меѓу надлежните органи и усогласување со меѓународни стандарди, особено со Истанбулската конвенција. Истовремено, во јавниот и институционалниот дискурс се најавуваат понатамошни законски интервенции насочени кон зајакнување на заштитата на жртвите и подобрување на ефикасноста на кривично-правниот одговор, што укажува на континуиран реформски процес во оваа област.

Во 2026 година министерот за внатрешни работи Тошковски најави дека ќе се пристапи кон брзи законски измени насочени кон поефикасна заштита на жртвите од семејно насилство, при што ќе се интервенира во Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство, како и во со тоа поврзани закони. Измените се насочени кон унапредување на институционално постапување, забрзување на изрекување заштитни мерки и зајакнување на координација меѓу надлежните органи, со цел обезбедување поефикасна и навремена заштита на жртвите.

Во рамки на оваа анализа, може да се констатира дека законската регулатива во областа на семејното насилство во Република Северна Македонија претставува динамичен и континуиран реформски процес, во кој постепено се надминува првичниот модел на општа кривично- правна заштита и се воспоставува поспецификчен и посеопфатен систем на правна интервенција. Развојот на нормативната рамка покажа јасна тенденција кон зајакнување на институционалните механизми, проширување на кривично-правната инкриминација и унапредување на координацијата меѓу надлежните органи, со цел обезбедување поефикасна заштита на жртвите.

Воедно, реализираните и најавените измени во периодот од 2023-2026 година укажуваат на континуирано усогласување со меѓународните стандарди и засилување на пристапот насочен

7 Ibid

кон превенција и навремена реакција, што се потврдува со постојаното нормативно надградување на решенијата од оваа област.

ЗАКЛУЧОК

Врз основа на анализата може да се заклучи дека законската регулатива во Република Северна Македонија во областа на семејно насилство се развиваше постепено, од општа кривично-правна заштита кон воспоставување на посебна и посистемски поставена правна рамка. Со законските измени и донесувањето на посебни закони се изврши значајна нормативна трансформација, при што се зајакнаа механизмите за превенција и заштита како и институционалното постапување. Дополнително, измените во Кривичниот законик и најавените реформи укажуваат на континуирано унапредување на правната рамка и усогласување со современите стандарди, со цел обезбедување поефикасна заштита на жртвите од семејно насилство.

(Авторката е магистер по економски науки и магистер по безбедност, поранешен штитеник во СОС Детско Село- Скопје)



Институт за човекови права